На 64 страници

# магазин за ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

Година 1 Број 12
Февруари 2023 г.
Цена 150 ден.



**МЕГАИНТЕРВЈУ**

## ПРОФ. Д-Р СЛОБОДАН ИВАНОВИЌ

Професор на Универзитетот во Риека и на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

***„Универзитетот за Туризам и менаџмент нуди квалитетна европска програма и е лидер во високото образование***

МОЈА ОПШТИНА
**Тони КОЊАНОВСКИ, градоначалник на Општина Битола**

ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД
**Интервју со италијанскиот амбасадор, Н.Е. Андреа СИЛВЕСТРИ,**
„Во Македонија се чуствувам како дома"

КОМПАРАЦИЈА
**Луксузни европски скијачки центри**

ISSN 2671-3934
5 318000 033115

www.magazinturizam.mk





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет за туризам и менаџмент**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: **Проф. д-р Слободан ИВАНОВИЌ,** професор на Универзитетот во Риека и на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје 4



ОБРАЗОВАНИЕ: Каков образовен кадар му е потребен на бизнис-секторот? 12



КОЛУМНА: **Проф. д-р Благој ЦОНЕВ,** професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје 18



ТЕМА: **И граѓаните и трговците го стегаат ременот** 22



МОЈА ОПШТИНА: **Тони КОЊАНОВСКИ,** градоначалник на Општина Битола 28



РЕПОРТАЖА: **Скопска Црна Гора - туристичка дестинација за планинарење** 36



ДУРБИН: **Кратки вести од светот** 42



АВИОБИЗНИС: **Македонското небо ќе се збогати со нови авиолинии** 46



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со италијанскиот амбасадор Андреа СИЛВЕСТРИ,** „Во Македонија се чуствувам како дома“ 50



КОМПАРАЦИЈА: **Луксузни, монденски и совршени скијачки центри: какво скијање има во Европа и на Балканот, а што се нуди во Македонија?** 54

ЗПГМ ЗПГМ

ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА
„ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ




*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



## М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# ТЕШКА ЕКОНОМСКА ГОДИНА!

*Оваа година нема да биде идеална на економски план. Според прогнозите, светот нема да му се врати на потребниот и посакуван раст ниту во 2024 година. Пандемијата и енергетската криза, но и војната во Украина, ги попречија нормалните економски текови. Енергетската и ценовната криза ги исцедија граѓаните и стопанството.*

*Лош е амбиентот во кој македонската економија влезе во нова етапа, поплочена со стари предизвици. Скапата струја, рекордната инфлација, правната несигурност се само некои од проблемите што ќе тежат и годинава и ќе бараат многу труд, волја и знаење, за да се надминат ефикасно.*

*Ударот од кризата го чувствуваат сите, но најмногу обичните граѓани што веќе се отрпнати на ветувањата за постабилна и попросперитетна иднина. Живејачката драматично поскапе, а владината помош не беше доволна. Се затворија стотици фирми, многумина останаа без своите работни места.*

*Апелите од економската фела се македонската Влада итно да реагира и со конкретни мерки да им излезе пресрет на компаниите и на граѓаните. Во спротивно, стравува од дополнително продлабочување на кризата.*

*За неизвесноста или извесноста околу состојбите на македонската економија, многу нешта ќе зависат и од развојот на случувањата со војната во Украина, како и од состојбите на пазарите во земјите од Европската Унија, која е клучен трговски партнер.*

# МЕГАИНТЕРВЈУ

# ПРОФ. Д-Р СЛОБОДАН ИВАНОВИЌ

**Визитинг-професор и раководител на докторските студии при УТМС**



# ИВАНОВИЌ: УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ НУДИ КВАЛИТЕТНА ЕВРОПСКА ПРОГРАМА И Е ЛИДЕР ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ



**„Во подготовката на наставната програма за докторски студии при Универзитетот за туризам и менаџмент е вложено многу труд и напор од страна на целиот наставен кадар, а пред сѐ од магнификус ректорот проф. д-р Аце Миленковски, за да биде програмата квалитетна, содржајна и препознатлива не само во Македонија, туку и во целата Европска Унија“, вели професорот Слободан Ивановиќ, визитинг-професор и раководител на докторските студии при УТМС, и додава дека на досегашната соработка со наставниот кадар на Универзитетот би ѝ дал највисока оценка.**

**Професоре Ивановиќ, Вие сте редовен професор на Факултетот за менаџмент во туризмот и угостителството Опатија, при Универзитетот во Риека, Република Хрватска, но истовремено сте и соработник на Универзитетот за туризам и менаџмент – Скопје како раководител на докторски студии. Како ја оценувате вашата соработка со УТМС?**

Од самото основање на Универзитетот за

туризам и менаџмент во Скопје, соработувам како предметен професор во областа на туризмот и менаџментот на додипломски и дипломски студии. Како редовен професор на матичниот Факултет и визитинг-професор на УТМС, настојувам своето теориско и практично знаење, вештините и компетенциите да им ги пренесам на студентите на овој престижен Универзитет.

Доаѓам од земја-членка на ЕУ што посебно внимание им посветува на туризмот и угостителството како важен дел од економијата. Факултетот за менаџмент во туризмот и угостителството во Опатија се занимава со оваа проблематика веќе 70 години. Голем број студенти што завршија на овој Факултет работат на високи позиции во големи хотелски корпорации.

Драго ми е што ректорот на УТМС, проф. д-р Аце Миленковски ги препозна квалитетните правци во развојот на високото образование што ги применуваше Факултетот во Опатија преку Болоњскиот процес. УТМС беше еден од првите во Македонија што го примени овој систем на високо образование, кој во моментов е единствен признат од ЕУ. Она кон што се стреми Болоњскиот систем е пристапност на сите нивоа кога станува збор за понатамошна научна обука, на пример, постдипломски докторски студии или програми за доживотно образование, кои Хрватска успешно ги спроведува бидејќи се вклучени во Нацрт-стратегијата за развој на високото образование.

Соработка со УТМС, односно со ректорот на Универзитетот проф. д-р Аце Миленковски, како и со колегите професори и асистенти, можам да ја оценам со највисока оценка. Токму поради оваа причина, ми претставува голема чест и задоволство што остварувам висококвалитетна и плодна соработка во образовниот процес на младите на престижниот Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје.

Во подготовката на наставната програма за докторски студии при УТМС е вложено многу труд и напор од страна на целиот наставен кадар, а пред сѐ од магнификус ректорот проф. д-р Аце Миленковски, за да биде програмата квалитетна, содржајна и препознатлива не само во Македонија, туку и во целата Европска Унија.

Што се однесува до Докторските студии по бизнис-економија, Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, како научно-истражувачка и образовна институција, е креатор на знаење во областа на бизнис-економијата. Докторските студии по бизнис-економија на УТМС се изведуваат како тригодишни вонредни студии, каде што докторандот по завршувањето заработува 180 ЕКТС. Докторандите на Универзитетот стекнуваат највисок степен на компетентност преку систематски организирано научно истражување и квалитетно менторство. Компетенции што се стекнуваат со завршување на докторските студии се можноста за продолжување на научно-истражувачката работа, можноста за постдокторска обука и можноста за вработување во јавниот и во приватниот сектор. По завршувањето на докторските студии се стекнуваат знаења и вештини потребни за самостојна научна и истражувачка работа на полето на бизнис-економијата.

Кога станува збор за Докторските студии по бизнис-економија, под мое раководство, нивниот фундаментален принцип се заснова на работа, објавување делови од научно-истражувачка работа на увид на научната и на стручната јавност и креирање докторски труд со теоретска и апликативна примена во практиката.

**Како професор кој доаѓа од земја-членка на ЕУ, сметате ли дека Универзитетот за туризам и менаџмент нуди квалитетна образовна програма што ги задоволува**

**критериумите кои се бараат од една земја како Македонија, која е кандидат за членство во ЕУ?**

Квалитетното високо образование е предуслов за успешно општество. Во Република Хрватска е воспоставен бинарен систем на високо образование, кој се заснова на принципите на Болоњската декларација и во кој луѓето што се запишуваат во високото образование можат самостојно да изберат дали сакаат да се образуваат на стручни или на универзитетски студии. Стручните студии првенствено се насочени кон пазарот на трудот и со нив се стекнуваат првенствено професионални компетенции, додека образованието на универзитетските студии е во поголем степен теоретско и е насочено кон понатамошно продолжување на академското образование. Оваа диференцијација на стручни и универзитетски студии овозможува регионално зајакнување и зголемена флексибилност на студиските програми, истовремено обезбедувајќи ниван квалитет и усогласување со потребите на пазарот на трудот.

Рамката за интернационализацијата на образованието ги вклучува стратешките документи на Европската Унија, Болоњскиот процес и мерките од Стратегијата за образование, наука и за технологија на Република Хрватска. Интернационализацијата на високото образование придонесува за зајакнување на квалитетот и иновативниот потенцијал.  Интернационализацијата има позитивен ефект не само врз учесниците во мобилноста, туку и врз учениците и наставниците што доаѓаат во контакт со странски студенти (т.н. интернационализација дома).Студентската мобилност е важен дел од образовната политика на Европската Унија, која е поддржана од програмата на ЕУ за образование, обука, млади и спорт, Еразмус+. Во оваа програма, покрај Хрватска, учествуваат голем број земји од регионот, вклучително и Македонија.

Бидејќи целта на интернационализацијата е да се зголеми бројот на студенти од странство запишани на студии во Република Хрватска, Министерството за образование и наука развива механизми за зголемување на бројот на студиски програми на странски јазици. Дури и во време на длабока економска криза, инвестирањето во високото образование е клучен фактор за спроведување на квалитетна образовна програма, на што УТМС посветува големо внимание.

**Кога сме кај кандидатурата за членство во европското семејство, какви реформи во образованието треба да направи нашата земја за да ги достигне стандардите што ги наметнува ЕУ? Имајќи предвид дека Хрватска веќе мина низ тој процес, имате ли совет што треба да се подобри или да се промени во македонското образование?**

Кога станува збор за одредени промени во образовниот систем, сметам дека треба да се изработи квалитетна, содржајна и применлива рамка, како што е примерот до хрватската квалификациска рамка. Тоа е инструмент за регулирање на системот на квалификации во Република Хрватска, кој обезбедува јасност, проодност и квалитет на квалификациите, како и поврзување на нивоата на квалификации во Република Хрватска со нивоата на квалификации на Европската рамка и квалификациската рамка на европското високо образование и, индиректно, со нивоата на квалификации во други земји. Хрватската квалификациска рамка има реформска улога во образовниот систем, кој вклучува: образовни програми засновани на резултатите од учењето и усогласени со потребите на пазарот на трудот, транспарентни критериуми за оценување, обезбедување квалитет при стекнување квалификации итн. Помеѓу другото и обезбедување услови за квалитетно образование и учење согласно со потребите на економскиот развој, социјална вклученост, зајакнување на конкурентската предност

на економијата која се заснова на човечки ресурси, обезбедување услови за еднаков пристап до образование и признавање на странските квалификации не само во Република Хрватска туку и во Македонија. Верувам дека квалитетна квалификациска рамка, регулирана со Закон, може да придонесе за подобар и поефикасен образовен систем во Македонија.

**Кога би направиле споредба помеѓу образованието во Хрватска и образованието во Македонија, што би ни кажале, во кои сегменти овие два образовни системи се разликуваат?**

Хрватска ги препознава образованието и науката како свои развојни приоритети, единствените што можат да ѝ донесат долгорочна социјална стабилност, економски напредок и културен идентитет од неколку причини:

- земјата се соочува со динамични промени во општеството, економијата и културата, во глобализиран свет каде што ниту една држава не постои како издвоена заедница,

- се соочува со предизвици како што се примената на новите технологии, заштитата на животната средина и стареењето на населението, а кои успешно може да се решат само со помош на науката,

- има ограничени човечки, материјални и природни ресурси што мора да се искористат на најдобар начин,

- можностите за долгорочна стратегија се ограничени, па мора да биде подготвена за приспособување.

За да го достигне нивото на високо развиените земји, Хрватска мора да биде отворено, мобилно и иновативно општество. Затоа, образованието и науката се од посебен јавен интерес. Образованието во Хрватска им е достапно на сите, под еднакви услови. Државата презема одговорност за развојот и управувањето на образовниот систем во соработка со приватниот сектор.

Нужноста за воспоставување на Стратегија за образование, наука и технологија во Хрватска произлезе од длабоките промени во општеството, како последица на глобалното окружување, но и на внатрешните општествени, економски, културни и демографски промени. Токму поради ова, Македонија би требало да размислува на таков начин.

Таквите околности бараат долгорочно размислување за местото на образованието и на науката во општеството, особено во создавањето иновативно општество и економија, приспособливи на идните предизвици што денес е тешко или невозможно да се предвидат.

Во современите општества, капиталот вложен во човечкото знаење има предност за развојот на земјата. Ова го наметнува концептот на доживотно учење како основа на образованието, кое ги поттикнува поединците од која било возрасна група да учат, им овозможува постојан пристап до образованието и препознава различни форми на учење.

Образованието треба да се заснова на следниве принципи: основното образование да биде задолжително и да се обезбеди вклученост на сите лица, а особено на оние што се изложени на маргинализација. Во образовниот систем, кој се заснова на научни сознанија, да се почитуваат човековите права и правата на децата, сите вработени во системот да ја почитуваат професионалната етика, одлуките да се носат на демократски начин со учество на сите клучни фактори, факултетите и наставниците да бидат независни во дизајнирањето на својата работа, да го почитуваат интеркултурализмот и да ги следат европските трендови во високообразовните институции.  Македонија како потенцијална земја-членка треба да биде во чекор со барањата и со препораките на ЕУ,

што секако ќе придонесе за побрзо членство во Унијата.

**Како до поквалитетно образование? Што треба да се направи за да се реформира и за да се подигне квалитетот на образованието во Македонија?**

Кога зборуваме за квалитетно образование, тогаш мора да размислуваме за квалитетен и функционален Национален план за унапредување на социјалната димензија на високото образование во Македонија. Хрватска, на пример, е една од трите земји во Европската унија, заедно со Австрија и Ирска, која има посебен стратешки документ поврзан со социјалната димензија на високото образование.

За спроведување на Националниот план треба да бидат одговорни органите на државната управа, јавните и приватните универзитети, бизнис-заедницата и граѓанското општество. Притоа, треба да се дефинираат неколку приоритетни цели.

Првата цел треба да биде фокусирана на систематско собирање и обработка на релевантни податоци со цел да се евидентира бројот на ученици што доаѓаат од ранливи и недоволно застапени групи. Тука, најголем дел од мерките треба да бидат насочени кон изработка на студии наменети за одредени ранливи и недоволно застапени групи, методологии за следење на образовните и професионалните патишта на студентите според нивниот образовен и економски статус.

Втората цел е исто така насочена кон ранливите групи. Голем број високо образовни институции спроведуваат активности за зголемување на интересот за пристап до високото образование за ранливите групи, на пример, се одржуваат денови на кариера, денови на алумни, денови на отворени врати, некои универзитети склучија договори за соработка со детски домови и центри за млади од алтернативна грижа, односно активности за рана интервенција со цел да се спречи ризик од предвремено напуштање на училиштето.

Третата цел е да се обезбедат еднакви можности за сите студенти за време на студирањето преку нематеријална поддршка, флексибилност на студиските програми, подобрување на ресурсите за учење, па сè до професионален развој на наставниците и на помошниот кадар за работа со ранливи групи. Високообразовните институции треба да обезбедат ресурси за учење и наставни материјали; на пример преку формирање виртуелна библиотека за време на пандемијата, усвојување регулативи за менторство на наставници, зголемување на библиотечниот фонд, достапни онлајн-ресурси итн. На факултетите исто така им треба развиен систем за менторство, на пр. студентски асистент, менторство на наставници во текот на студиските години, поддршка од колеги, комисии за недоволно застапени и ранливи групи, координатори и ментори за ученици со попреченост.

Четвртата цел треба да биде насочена кон подигнување на стапката на завршени студии и вработување на ранливите групи по завршување на студиите, а главните мерки се однесуваат на соработката на високообразовните институции со работодавачите, со цел да им обезбедат студентска практична работа на недоволно застапените и ранливи групи студенти. Факултетите мора да се залагаат за задолжителна професионална практична работа во рамките на студиските програми. Покрај тоа треба да спроведат истражување за задоволството кај студентите и кај работодавачите од спроведената стручна пракса. Високообразовните институции треба да формираат центри за развој на кариера, советувалишта за студенти со индивидуален пристап, да назначат ментори и менаџери за професионална пракса. Таквите центри би

требало да организираат разни презентации, групно или индивидуално информирање и советување за пазарот на труд и за вештините за барање работа. Факултетите треба да организираат работилници за подготовка за пазарот на труд, во кои ќе бидат вклучени и психолози и работодавачи.

Петтата цел е поврзана со подобрување на системот за финансиска помош на членовите од недоволно застапените и ранливите групи. Треба да се воспостави соработка меѓу факултетот и средните училишта со цел да се мотивираат и да се овозможи упис на студенти од недоволно застапени и ранливи групи. Дел од Универзитетот и самите факултети треба да стипендираат студенти со послаб социоекономски статус или да даваат попусти на школарината. Пример за таква добра практика има УТМС.

И последната, шеста цел, мора да се стреми кон обезбедување стандарди поврзани со инклузивноста и со социјалната димензија. Факултетите мора да имаат организирани процедури за поддршка на студенти од ранливи и од недоволно застапени групи, донесени прописи за менторската работа на наставниците, извештаи за менторската работа на наставниците објавени јавно на веб-страницата на високообразовната установа.

**Кои се глобалните очекувања во однос на образованието за 2023 година?**

Гледано глобално, и Република Хрватска и Македонија во следните години ќе мора да дефинираат и да имплементираат голем број цели што се суштински за дефинирањето на стратегијата во областа на образовниот систем.

Целите треба да бидат во согласност со стратешкиот документ на ЕУ, Европа 2025, како и со сите стратешки иницијативи што произлегуваат од него, меѓу другото, усовршување на образованието, модернизација, интернационализација на високото образование итн.

Со цел да се зајакне високото образование и да се постават основите за побрз развој кон општество на знаење, толеранција и на еднакви можности, се спроведе Болоњскиот процес на реформи во високото образование како основа за понатамошен развој на европските високообразовни институции. Европските развојни трендови, кои нужно мора да се интегрираат во секој систем на високо образование, се одраз на свеста дека само преку синергија на високото образование, науката, иновациите и технологијата може да се постигне конкурентноста на Европа во глобален контекст. Севкупниот развој на хрватскиот и на македонскиот високообразовен систем треба да доведе до компетенции на студентите за идни занимања, но и за креативна и иновативна работа и развој со цел самовработување и започнување нови економски и социјални субјекти. Исто така, треба да се истакне улогата на високото образование во развојот на квалитетни кадри за научно-образовниот систем. Функцијата „поучување на наставникот" е основна задача од која зависи квалитетот на целокупното образование, а со тоа и сите сегменти од функционирањето на едно општество.

Со воведувањето на Болоњскиот процес во високото образование дојде до важна промена во бројот и видовите програми што ги нудат високообразовните институции. Тие се обидоа да воведат нови, модерни програми кои ќе ги задоволат условите за нови видови работни места, но имаше и мултипликација на програмите, па дури и обновување на некои од старите програми за кои веќе нема социјални потреби.

Универзитетите мора да развијат и истражувачка дејност, која треба соодветно да се вгради во образовниот процес како една од основните претпоставки за спроведување на универзитетските студии.

THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation
certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for* ***three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

---

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

# Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy

# КАКОВ ОБРАЗОВЕН КАДАР МУ Е ПОТРЕБЕН НА БИЗНИС-СЕКТОРОТ?



**МЛАДИ, НАПРАВЕТЕ АНАЛИЗА КОЈА ПРОФЕСИЈА ЌЕ БИДЕ БАРАНА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ И ДАЛИ СО ИДНАТА ЗАРАБОТУВАЧКА ЌЕ СИ ГИ ЗАДОВОЛИТЕ СВОИТЕ ПОТРЕБИ**



Герт Рабов, нов директор на Делегацијата на германското стопанство.

# ОБРАЗОВАНИЕ



Дали  Македонија сè уште страда од синдромот на изреката популарна уште од времето на Југославија **„учи сине, за да не работиш“**? Веројатно нејзината „примена“ полека бледнее низ годините, но она што останува како проблем е генерирањето кадри што малку или воопшто не му се потребни на бизнисот, додека од друга страна, има постојана јагма за одредени професии што недостигаат на пазарот. Парадоксална е состојба на пазарот на трудот: на компаниите постојано им недостигаат вработени наспроти „армијата“ невработени, а тоа се  лица не само без образование, туку и лица со високо образование или доктори на науки. На овие контрадикторности, по малку чудно е и барањето од бизнис-заедницата, како и најавата на Владата за можноста да се дозволи увоз на работа сила.

Од тука се поставува прашањето каков образовен кадар навистина му е потребен на бизнис-секторот. На оваа тема ексклузивно ни говори Герт Рабов, новиот директор на Делегацијата на германското стопанство во земјава, кој испрати едноставна, но силна порака. Тој посочува дека  младите луѓе од земјава треба да направат анализа кои се потребите на стопанството, кои се оние работни позиции од кои сега и во иднина ќе има потреба на пазарот на трудот. Тој ексклузивно за Магазинот за туризам и менаџмент вели дека при носењето на одлуката за идната професија, многу е важно младите да се запрашаат дали со идната заработувачка ќе може да си ги задоволат своите потреби.

**„Од една страна сметам дека е важно кога ќе се носи одлука за идната професија, да се следат своите соништа и таленти, но од друга страна мислам дека младите луѓе треба да направат анализа на потребите на стопанството, кои се оние работни позиции од кои сега и во иднина ќе има потреба пазарот на трудот. При донесувањето на одлуката за идната професија, помеѓу овие гледишта, балансот и перспективата се особено важни. Втор аспект се и примањата, младите луѓе треба да се запрашаат дали со месечната заработувачка во иднина ќе може да ги задоволат своите потреби, како и потребите ако планираат семејство“**, вели Рабов.

Голем број ИТ-фирми се во постојана потрага

по квалификуван кадар, а она што им недостига на компаниите од автомобилската индустрија се стручни кадри како машински инженери, техничари, електроничари, мехатроничари, констатира Рабов.

**„Како Делегација на германското стопанство, ги застапуваме пред сè интересите на германските инвеститори во земјата. Најголемиот дел од нив работат во автомобилската индустрија, каде што се потребни стручни кадри што умеат да ракуваат и да работат со машини. Дел од инвестициите се високо софистицирани и користат автоматски машини и роботи. Со оглед на тоа што германските компании се најголеми работодавачи во земјата, тие имаат потреба пред сè од машински инженери, техничари, електроничари, мехатроничари, алатничари. Но покрај германски инвеститори, во земјата има и голем број ИТ-компании за кои сум информиран дека се во постојана потрага по квалификуван кадар“**, вели Рабов.

Во изминатите десет години дојдоа инвеститори што почнаа да градат фабрики, да инвестираат милионски суми и да вработуваат многу луѓе. Тие компаниите се извозно ориентирани и од тука се очекува беспрекорен квалитет, вели Рабов и додава дека тоа е тесно поврзано и со стручноста на кадарот.

**„Како Делегација на германското стопанство, работиме повеќе од 22 години во земјата. Имаме искуство од времето кога Германија беше најголем трговски партнер на земјата и кога помеѓу нашите две земји имаше само трговска размена. Потоа се соочивме со првите инвестиции кои срамежливо почнаа да доаѓаат во средината на деведесеттите, но тоа беа претежно претставништва. Изминатите 10 години дојдоа инвеститори во земјата што почнаа да градат фабрики, да инвестираат милионски суми, да вработуваат илјадници лица. Тука се сменија очекувањата. Овие фабрики произведуваат за клиенти во Германија и тука се очекува беспрекорен квалитет, а тоа е тесно поврзано и со стручноста на кадарот. Ова беше моментот кога заедно со германските инвеститори ја препознавме потребата од дуално стручно образование по германски модел. Соработуваме тесно со македонското Министерство за образование и наука и со македонската Влада. Тие ја препознаа нашата идеја и нè поддржаа да воведеме два нови образовни профили, техничар за индустриска мехатроника и техничар за производно машинство. Со нашиот проект за дуално стручно образование, партнери сме со 13 компании во 7 градови, кои вложуваат со цел да се задржат млади образувани кадри во земјата“**, вели Рабов.

Рабов е дециден дека само со инвестиција во квалитетен стручен кадар компаниите може да постигнат успех.

**„Проектот дуално образование по германски стандарди веќе шест години успешно се реализира во земјата. Од самиот почеток имавме поддршка од Владата при измената на законската рамка, воведувањето на новите наставни програми, воведувањето практична обука во образованието, која се одвива два дена во неделата во самите компании. Ја користам оваа можност да ги поканам сите компании што имаат софистицирано производство и потреба од профилите техничар за индустриска мехатроника и техничар за производно машинство да се обратат до нашата канцеларија. Со овој повик сакаме да ги охрабриме и македонските компании да ѝ се приклучат на оваа иницијатива. Само со инвестиција во квалитетен стручен кадар, компаниите може да постигнат успех“**, вели Рабов во изјава за Магазинот за туризам и менаџмент.

# АЛАРМ И ОД ОСТАНАТАТА БИЗНИС-ЗАЕДНИЦА:
## Проблемите со недостиг од квалификувана работна сила се изразени повеќе од кога било

Работодавачите и стопанствениците години наназад го потенцираат проблемот со дисбалансот меѓу она што му е потребно на бизнис-секторот и образовниот кадар, односно меѓу понудата и побарувачката, и бараат да се надмине проблемот со недостигот од работна сила. Ова, според Стопанската комора на Македонија  е еден од детектираните економски предизвици за годинава.

Проблемот со недостиг од квалификувана работна сила е фактор што исто така битно влијае врз конкурентноста на компаниите. Со тој проблем сè повеќе се соочува македонската економија. Тоа е резултат на интензивниот процес на флуктуација и на заминување на кадарот од нашата земја во европските држави. Бројката уште повеќе ќе се зголемува со новите најави на некои европски земји за олеснување на процедурите за прием на странски работници во своите земји. Во изминатите години е проценето дека од Македонија околу 700 илјади луѓе заминале на привремена работа во странство или трајно се отселиле, велат од Стопанската Комора на Македонија.

Според економските анализи на Стопанската комора, дури 63 отсто од компаниите бараат работници со стручни вештини што ги нема на пазарот на трудот. Причината е забележана во отсуството на стабилни и ефикасни институции, високата корупција и големата политичка нестабилност, отсуството на соодветна инфраструктура и економски структурни реформи, несоодветните услови за водење бизнис, инвестициската нестабилност, неквалитетниот образовен и здравствен систем, како и желбата за подобар животен стандард.

**„Затоа се потребни реформски зафати за подобрување на квалитетот, особено во стручното образование, бидејќи 53 отсто од новите работни места се поврзани со стручното образование, а само 10 отсто се поврзани со високото образование. Се прави обид недостигот од квалификуван кадар да се надмине преку системот на дуално образование. Овој модел на образование не значи само учење стручни вештини што му се потребни на пазарот на**

Бранко Азески, претседател на Стопанска комора на Македонија.
*Извор: СКМ*



**трудот, туку овозможува компаниите сами да го обликуваат кадарот по своја мера, кој ќе биде обучен и квалификуван веднаш да се вклучи во работниот процес. Нашите податоци покажуваат дека сме успешни во тоа. Почнавме со 16, а сега имаме речиси 500 компании што се вклучени во дуалното образование. Обучивме околу 500 ментори од компаниите за реализација на практичната обука, а околу 50 компании се верификувани за практична обука на ученици“**, вели Бранко Азески, претседател на Стопанската комора на Македонија.

Од организацијата на работодавците во Македонија, во пакетот мерки за излез од економската криза, предлагаат воспоставување поголема флексибилност на пазарот на трудот, односно можност за работно ангажирање млади лица над 16 години заради „задоволување на потребите од пониско квалификувана работна сила“. Со искористувањето на дел од овој работен потенцијал, може да се намали дефицитот од работници, пред сè во услужниот и во туристичкиот сектор, како и во земјоделството и во трговијата, во кои може полесно да се вклучат лицата што немаат стекнато работни навики.

Фактот дека на оваа тема постојано има конференции и дебати, укажува дека постојат многу противречности на пазарот на труд. Дури и претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, ја назначи оваа година како „Европска година на вештините“, а тоа би значело подобрување на дигиталните вештини и понатамошни инвестиции во образованието и во усовршувањето. Таа пред пратениците во Европскиот парламент минатата година го истакна недостигот од вештини во цела Европа. Насоките се дека е потребно многу повеќе да се фокусираме на инвестиција во професионално образование и усовршување.

Во контекст на оваа изјава пред неколку недели во „Европската куќа Скопје“ се организираше дебата на тема „Вештините на младите и потребите на пазарот на трудот“, каде што беа истакнати неколку факти за неповолната состојба на пазарот на трудот. Согласно со Извештајот за прогресот, забележано е дека вештините на младите во Македонија се за десет пати пониски во споредба со тие во земјите од ЕУ и дека 80 отсто од долгорочно невработените немаат доволно развиени вештини.

За бизнис-заедницата, најголем проблем



**Урсула фон дер Лајен, претседател на Европската комисија.**



Бојан Тодоровски, Бизнис-конфедерација на Македонија.



е огромното стареење на населението и иселувањето на младите, вели Бојан Тодоровски од Бизнис-конфедерацијата на Македонија.

Секаде во светот младите се под големо влијание на дигитализацијата и на интернет-технологиите. Со недостиг од кадар компаниите се соочуваат секој ден, без оглед на големината или на видот на претпријатието, до моментот кога веќе не бараат диплома, туку исклучиво вештини. Според Тодоровски, комотни се само големите компании што имаат пари и технологија да вложуваат во наградување на своите вработени. Од друга страна, огромна е бројката на микропретпријатија кои се оставени сами на себе и немаат можност за развој. Кај нив мора да има самоиницијатива за растење и надградба, вели Тодоровски.

Тодоровски ја потенцира Програмата за млади претприемачи што се имплементира со помош на ЕУ. Тој вели дека бизнис-секторот е консултиран и инволвиран во креирањето политики, но треба да се поттикне комуникација помеѓу државните институции, бизнис-секторот и образовните институции.

„Во моментов најмногу трпат образовните институции. Не навлегуваме во тоа дали е тоа така поради погрешните политики ниту посочуваме со прст. Но, за состојбата со невработеноста не можеме да ги обвиниме јавните образовни институции. Има перцепција на неатрактивност на формалното образование, за сметка на скапите неформални образовни институции. За бизнис-секторот не треба да се доведе во прашање дали воопшто вреди средното образование да се остави задолжително“, дециден е Тодоровски.

Инаку, Согласно податоците од Агенцијата за вработување на Македонија, вкупниот број на невработени лица заклучно со декември во изминатата година изнесува 112.733 лица. Поголем број невработени има во градските средини, и тој изнесува 67.939 лица, а невработени во руралните средини се 44.794 лица. Ако се погледне статистиката за невработените според образование, ќе се види дека најголем број од невработените се без образование или со основно образование и нивниот број изнесува 65.663, невработени со завршено средно образование се 27.505 лица, невработени со завршено високо образование се 7.658 лица,  595 магистри на наука се исто така без  работа, а 15 доктори на науки не можат да најдат работа.

# КОЛУМНА

Пишува: проф. д-р Благој Цонев, професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје



# НОВОТО ДОБА: БАЛКАНСКА ПЕРСПЕКТИВА

Светска геополитика започна да се менува уште пред паѓањето на Берлинскиот ѕид и со потпишувањето на Малтешкиот меморандум, кој беше резултат на Самитот на бродот Горки во длабоките води на природното пристаниште на Валета во 1989 година. Малтешкиот меморандум е специфичен бидејќи со него се прераспределуваат сферите на влијание, започнува дисолуцијата на Советскиот сојуз и на некој начин, претседателите Џорџ Буш постариот и Михаил Горбачов овозможуваат државите од „Источниот блок“ да имаат мирна транзиција од тоталитаризам кон демократија, а со тоа и ширење на американската сфера на влијание во Европа.

Интересно е дека по Самитот во Малта, Русија како да се повлекува, се затвора во себе и изгледа како да сака да ги стабилизира економијата и својата како внатрешна, така и надворешна политика. Притоа, во самата Русија се случува Чеченската војна, на Балканот се распаѓа Југославија и се случува војната во Босна и Херцеговина. Талибанците во Авганистан успеваат со помош на определени американски конгресмени од типот на Чарли Вилсон да создадат база за истерување на и онака исцрпената советска армија, а со тоа и да ја етаблираат и да ја зацврстат власта, а Авганистан да го претворат во т.н. исламски емират.

Овие случувања траат до крајот на 1999 година, кога претседателот Борис Елцин објавува дека од 1 јануари 2000 година, ќе биде наследен од тогашниот премиер на Руската Федерација – Владимир Путин, кој е на власт во Русија до ден-денес. Во периодот на Елцин и на Путин се сменија седум американски претседатели, и сите освен тврдокорниот конзервативец Реган отворија нови фронтови на сите страни во светот. Буш постариот ја водеше Заливската војна, Клинтон ја бомбардираше Југославија, Буш помладиот изврши инвазии во Авганистан и во Ирак, Обама ги поддржа Франција и Велика Британија за војната во Либија и ги стимулираше Арапската пролет и војната во Сирија, додека на Бајден му се случи Украина. Сите овие војни се резултат од промената на геополитичкиот статус



Проф. д-р Благој Цонев, професор на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

кво во светот и формирањето на новите политики за интегрирање на сите нации и народи во поголеми трансконтинентални организации како што е Европската Унија. Имено, иако на почетокот САД се противат на обединувањето на Европа, кон крајот на мандатот на Клинтон, сфаќаат дека тие можат да го одржат своето влијание во Европа само ако е таа обединета и ако имаат силно економско и воено присуство во балтичките републики: Полска, Украина, Романија, Бугарија, Турција, Ерменија и Грузија. На тој начин САД успеаја да формираат НАТО-обрач односно обрач  од партнери на НАТО околу Русија и да ја истиснат земјата кон Исток со цел да се намали нејзиното влијание во Европа, како енергетско, така и културолошко и религиозно. Таа нова политика на САД создаваше еден вид анимозитет кај руските владејачки структури, што резултираше со експанзија на руските енергетски и металопреработувачки индустрии во Европа, но и со инвестирање во некои големи европски банки. Сепак, тој анимозитет заврши со анексијата на Крим во 2014 година, година од која се смета дека започнува да се имплементира и новата светска политика. Имено, ако во меѓународната политика Вестфалските мировни договори од 1648 година се сметаат за почеток на новата ера на националните држави, годината 2014 благодарение на кримската анексија се смета за почеток на најновата ера во модерната светска политика. Ова е ера во која војните повеќе нема да бидат конвенционални туку електронски, ера во која спротивставувањата ќе бидат на полето на информатичката технологија. Ера во која дипломатијата ќе мора да се трансформира од оној симпатичен, дури и харизматичен лик на британски или француски дипломати што се перфектно дотерани во одела од твид со двоен или Виндзорски јазол на вратоврската, во дипломати што се поагресивни и кои ќе имаат можност да бидат слушнати и видени, па макар и да се претставници на мали држави како што е Македонија. За жал, нашата дипломатија сè уште не може да еволуира ниту во 20. век, а новата политика се води веќе за тоа како ќе се позиционираат оските и центрите на моќ во 22. век. Таа нова политика започна да му носи на светот енергетски кризи, притаени инфлации, бегалски бранови, менувања на имиња на држави, интегрирање во воени сојузи. Новата политика и интеграциите, за кои сум лично голем поборник и приврзаник, мора да признам дека создаде слаби политичари, слаби без’рбетни лидери, особено во малите држави, кои сè повеќе и повеќе имаат отсуство од морал, но и од какви било патриотски начела што би ги употребувале за

да ни ги водат државите. Новите политички предизвици создадоа политичари што се како општествен карцином, кој ако не биде отстранет од општественото ткиво, ќе метастазира и ќе нѐ доведе во ситуација во каква што била Кралството Полска на крајот на 18. и почетокот на 19. Век. Во тој период, од општествени паразити што себеси се нарекувале аристократија, полскиот народ не можел да издржи, се затворал во себе, а тие паразити што го претставувале, тогаш во Полска, денес општествениот гнилеж во сите балкански држави, едноставно заминале во Русија или во Прусија оставајќи ја на крај државата без власт. Така Полска е поделена од Русија и од Прусија, а таа поделба до ден-денес се рефлектира кај Полјаците преку нивните митови и колективна меморија дека Германците и Русите може да донесат само лошо. Истото, таа нова политика го прави и на Балканот. Исфрла на сцена паразити што ни ги водат државите, ние трпиме, војуваме, ако не конвенционално, тогаш умствено, а тие паразити само растат, се претворат во малигни општествени тумори што ако не ги отсечеме, ќе нѐ повлечат надолу во Адот, кога тие едноставно ќе си заминат на некои од нивните имоти во други, развиени држави. Затоа, новите политики во светот, не само што го преобликуваа целиот поглед кон политиката, туку создадоа една нова брутална политика, која иако се раѓа од правото, владее со него, односно го има запоседнато правниот систем во секоја од источноевропските држави и на тој начин ги манипулира сите оние наивни души што стремејќи се да бидат Европјани, склучуваат пакт со ѓаволот.

Кога сме кај интеграциите, Едвард Саид, професор на Колумбија, Палестинец, протестант, во Ориентализмот не само што го демистифицира Ориентот за разлика од Оксидентот, туку и го расчленува. Имено, Саид укажува дека Истокот или Ориентот не треба да се „вестернизира“, туку дека треба да се модернизира. Иако „вестернизацијата“ е побрза, полесна и само се увезува, сепак таа е штетна. Мохамед Реза Шах Пахлави, сакаше да го „вестернизира“ Иран, а заврши со Иранската револуција. Фарук I од Египет, сакаше да го „вестернизира“ Египет, а заврши со револуција. Затоа, треба да сфатиме дека „вестернизацијата“ не е модернизација и не е интеграција, „вестернизацијата“ е копија на нешто што го мислиме за идеално како општествена рамка. Наше е да се модернизираме. Не да ги менуваме културата или религијата, туку да ги модернизираме нашите сфаќања за политиката, за светот за различните култури и за економијата во целост. Ние, особено Македонците, мораме да сфатиме дека интеграциите во ЕУ не се за добро на Франција или на Шведска, туку за наше добро, бидејќи во океаните и морињата китовите и ајкулите пливаат сами, а тоа во меѓународната политика се САД, Кина, Русија, Британија, па и Индија. Но, делфините секогаш пливаат во јата, а во јата пливаат и малите сардини. Затоа, Македонецот, со големо М, мора храбро да застане на нозе, да каже не на лажните вредности што т.н. елита ни ги прикажува како „западни“ и да го започне патот на интеграција и модернизација на општеството. Македонецот, мора да се избори за владеење на правото, за пресумпција на невиност, за достоен живот, за достојни плати и пензии. Мораме да сфатиме дека ако сакаме да имаме здрави психички и физички поколенија, мора да се научиме да пливаме во јатото што е наречено Европска Унија. Само јатото ќе ни овозможи стабилна економија, и само јатото ќе нѐ претпази од војни и од политики кризи. За крај, само јатото што го нарекуваме ЕУ ќе успее да нѐ натера да го отстраниме општествениот карцином, да го исчистиме гнилежот од сите пори на македонското општество и да започнеме да создаваме нови идеи, нови визии и нови генерации што ќе бидат горди на сегашните.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk






# ГРАЃАНИТЕ СО ПРАЗНИ ЏЕБОВИ, ТРГОВЦИТЕ СО ПОЛНИ – ПРЕВИСОКИТЕ ЦЕНИ УДРИЈА ВРЗ ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД

Високата инфлација си го направи своето – граѓаните сè повеќе осиромашуваат. Со месечната плата може да се купат сè помалку производи, а по плаќањето на сметките за комуналии, кои исто така поскапеа, не останува речиси ништо, ниту за трошење ниту за штедење. Од друга страна, продавачите тријат раце. Дел од нив, инспекцијата ги фати како заработуваат врз грбот на населението, но многумина поминаа неказнето. Има и такви чии трошоци толку многу се зголемија, што ги доведоа на работ на рентабилноста. Пазарџиите и земјоделците останаа во убедливо најлоша положба. И покрај субвенциите, народот нема пари да купува како порано, па родот се откупува по багателни цени. Во меѓувреме, власта се фали дека просечната плата расте и ќе продолжи да се зголемува, но таа ни од далеку не е доволна да го следи во чекор енормниот раст на инфлацијата.

## НАЈМНОГУ ПОСКАПЕ ХРАНАТА

Изминатата година заврши со инфлација од дури 14,2% - најголема во последниве 28 години. Додека другите држави, односно тамошните влади презедоа подрастични чекори за намалување на цените, ние се одлучивме само за замрзнување на маржите на трговците, потег што и немаше толку голем ефект. Затоа и Македонија се најде на врвот на неславната листа на држави со највисока инфлација во регионот.

Притоа, најмногу поскапе токму тоа на што и најмногу се трошат парите – храната. Фрапантни се податоците дека за 12 месеци, во декември било регистрирано зголемување на цените на храната и пијалаците за над 27%. Очекувано, за околу 20-тина проценти изнесува и зголемувањето на цените во рестораните и во хотелите. Поскапо било и да се платат сметките. За една петина повеќе пораснале трошоците за комуналии – за домување, вода, електрична енергија, гас и други горива. За 16,7% е поскапо да се купи мебел и покуќнина. Трошоците за сите видови превоз се зголемени за 16%.

Колку се покачиле цените на основните прехранбени продукти за 12 месеци? Убедливо најголемо зголемување има кај лебот – за над 40% во просек. Месото било поскапо за 28%. Цените на млекото, сирењето и јајцата биле повисоки за 36% во декември лани споредено со истиот месец во 2021 година. За масло за јадење сега треба да се издвојат за 24% повеќе пари. За околу 14% се покачиле цените на разните овошја и зеленчук. И рибата поскапела за 17%. За дваесетина проценти повеќе се продаваат и кафето, какаото и чаевите. Шеќерот, џемовите, мармаладите и разните кондиторски производи сега се продаваат за околу 19% поскапо. Подлабоко во џебот треба да се „брцне" и за разните акцизни стоки, како што се на пример, цигарите и алкохолните пијалаци.

Храната поскапе за 27%.



## ПАЗАРНАТА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАНУАРИ НАПИШАЛА КАЗНИ ОД ВКУПНО ДЕВЕТ МИЛИОНИ ДЕНАРИ

Очекувано, дел од маркетите и продавниците ги зголемија цените, но различно. Често може да се види низ полиците на различни купопродажни објекти како еден ист производ од ист производител се продава со различни цени, а споредбената разлика во цените не е воопшто за занемарување. Еден подолг период од неколку месеци, пазарната инспекција ретко кога казнуваше и покрај неправилностите. Опомените беа најчеста санкција за прекршителите на разните закони и правилници. Сепак, забележливо е по стартот на 2023 година како контролите се почесто завршуваат со пишување глоби за компаниите и за нивните раководни лица.

Државниот пазарен инспекторат во минатиот месец спровел повеќе од 1.500 надзори на цела територија на Македонија, при што за констатираните прекршоци на субјекти им се издадени прекршочни платни налози во вредност од над 9 милиони денари. Над 30 прекршочни платни налози  се издадени според Закон за трговија, над 100 според Законот за финансиска дисциплина, над 40 во врска со Законот за заштита од пушењето, над 10 се за Законот за заштита на потрошувачите и над 20 прекршочни платни налози се за прекршоци во однос на Законот за вршење угостителска дејност.

„Државниот пазарен инспекторат врши континуирани инспекциски надзори и кај трговците на големо и кај трговците на мало во делот на почитување на Одлуката за посебни услови за трговија на одделни стоки односно за ограничување на маржата. Се санкционира секое отстапување од највисоко утврдената маржа од 5 отсто и 10 отсто во трговијата на мало и во трговијата на големо. Според оваа Одлука за ограничување на маржата кај основните прехранбени производи, во јануари се извршени над 300 инспекциски надзори и не се забележани отстапувања од предвидените ограничувања за маржата", соопштуваат од Државниот пазарен инспекторат.

## КОЛКУ Е НАВИСТИНА ГОЛЕМО ПОСКАПУВАЊЕТО?

Без разлика на разните статистики и бројки, она што најмногу ги интересира граѓаните е колку повеќе треба да платат денеска при една најобична неделна набавка на производи во некој маркет или продавница споредено со истиот месец лани. Купувачите се жалат дека поскапувањата се далеку поголеми од оние кои ги регистрира државната статистика. Едноставно, поради примањата што стагнираат, поголем дел од населението најчесто ги купува најевтините брендови од некои производ, а токму кај нив се забележувал најголем раст во цените.

Да тргнеме од лебот, кој до пред една година вообичаено се продаваше за околу 35 денари. Најевтиниот обичен бел несечен леб можеше да се најде и за 24 денари за векна. Сега, пак, најниската цена на ваков леб која може да се забележи низ маркетите изнесува 32 денари. Дополнително на тоа, и самата векна тежи помалку или за околу 200 грама е „полесна" споредено со лани. Белиот леб сечен на парчиња во просек сега чини од 45 до 50 денари. Ако, пак, специјалните лебови од 'рж, сончоглед, хељда и слично можеа да се најдат до 80 денари, сега некои достигнуваат и цела „стотка". Не

треба ниту да се потенцира дека во ваков случај, најевтините лебови се купуваат прво, па не ретко полиците зјаат празни, додека поскапите специјални видови остануваат непродадени целосно.

**ЦЕНИ НА ЛЕБ**

| БЕЛ ЛЕБ | 2022 (ЈАНУАРИ) | 2023 (ЈАНУАРИ) |
|---|---|---|
| НАЈНИСКА ЦЕНА | 24 ДЕНАРИ | 32 ДЕНАРИ |
| ПРОСЕЧНА ЦЕНА | 35 ДЕНАРИ | 45 ДЕНАРИ |
| НАЈВИСОКА ЦЕНА (СПЕЦИЈАЛЕН ЛЕБ) | 80 ДЕНАРИ | 98 ДЕНАРИ |

Слично се случи и со цените на млекото. Тие еден период достигнаа речиси 80 денари. Сѐ уште има производители кои ги имаат истите цени, но се чини по воведувањето субвенции на струјата за прехранбените компании во декември, дел од нив „се опаметија“, па ги спуштија цените и под 60 денари (најниска цена). Горе-долу, слична е состојбата и со цените на другите млечни производи, како на пример, јогуртот, павлаката, кајмакот, кашкавалот и сирењето.

**ЦЕНИ НА МЛЕКО И МЛЕЧНИИ ПРОИЗВОДИ**

| ЦЕНА | | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| МЛЕКО | 1Л. 3,2 ММ | 48 ДЕНАРИ | 70 ДЕНАРИ |
| ЈОГУРТ | 1Л. | 52 ДЕНАРИ | 70 ДЕНАРИ |
| КАЈМАК | 250 ГР. | 70 ДЕНАРИ | 84 ДЕНАРИ |
| ОВОШЕН ЈОГУРТ | 400 МЛ. | 36 ДЕНАРИ | 55 ДЕНАРИ |
| КАШКАВАЛ КРАВЈИ | 1КГ. | 300 ДЕНАРИ | 480 ДЕНАРИ |
| СИРЕЊЕ КРАВЈО | 1КГ. | 260 ДЕНАРИ | 355 ДЕНАРИ |



**По првичните поскапувања, цените на млечните производи се стабилизираат.**
*Извор: Бучен козјак*




Поскапување на месните преработки.
*Извор: кам.мк*

Кога е во прашање сончогледовото масло за јадење, за овој производ имаше најмногу полемики, особено минатата пролет, кога цените екстремно се вивнаа нагоре. Граѓаните испаничија, па почнаа да трупаат залихи, а шишињата масовно почна да ги снемува од рафтовите. Чести беа и злоупотребите од страна на самите трговци, кои намерно ги чуваа залихите во магацините, очекувајќи за ден-два да ги продадат поскапо. Со тек на време, цените колку-толку се стабилизираа и се зацементираа на едно просечно ниво од околу 110 денари.

Поскапеа и јајцата, пакување од 10 јајца некаде чини и до 150 денари. Кога е месото во прашање, поскапувањата се неколкукратни. Прво, свежото месо и месните преработки секако поскапуваа и пред војната во Украина, а воениот конфликт само ја влоши состојбата. Преработувачките капацитети бараа Владата да ги укине давачките за увоз на замрзнато свежо месо за да може да поевтинат сувомеснатите производи. Тоа не се случи, а најавите засега се дека нема ниту да стане реалност во догледна иднина, затоа што, како што рече еден стопанственик, директно му било кажано дека во буџетот нема пари за да им се помогне на сите. Засега цените се движат во нагорна линија, па граѓаните мораат да купуваат месо на попуст, акција и слично. Споредено со лани, цените само за еден продукт се зголемени од 50 до над 100 денари. Во продолжение, од табелата можете да ги проследите последните цени на месото и месните преработки од домашно производство и увоз, и тоа на викенд акција во поевтините маркети низ главниот град.

**ЦЕНИ НА МЕСО И НА МЕСНИ ПРЕРАБОТКИ ВО ФЕВРУАРИ 2023 ГОДИНА**

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЧАДЕН СВИНСКИ ВРАТ | 480 ДЕНАРИ | СВИНСКА ПЛЕШКА БЕЗ КОСКА | 370 ДЕНАРИ |
| ПИЛЕШКИ КОПАН СО НАДКОПАН | 220 ДЕНАРИ | ЈУНЕШКА ПЛЕШКА БЕЗ КОСКА | 670 ДЕНАРИ |
| СВИНСКА КРЕМЕНАДЛА | 320 ДЕНАРИ | СЛАНИНА ДЕЛИКАТЕС | 650 ДЕНАРИ |
| ПОСЕБНА САЛАМА ВУДИ | 160 ДЕНАРИ | ШУНКА | 270 ДЕНАРИ |
| КОЛБАС ПИКНИК | 230 ДЕНАРИ | ЗАМРЗНАТ СВИНСКИ БУТ | 260 ДЕНАРИ |
| КОЛБАС ПИЛЕШКИ СВЕЖ | 290 ДЕНАРИ | МЕШАНО МЕЛЕНО МЕСО | 270 ДЕНАРИ |
| КУЛЕН, ЧАЈНА 300 ГР. | 120 ДЕНАРИ | СВЕЖ ПИЛЕШКИ СТЕК | 410 ДЕНАРИ |
| СВИНСКО КАРЕ | 300 ДЕНАРИ | ТЕЛЕШКИ МУСКУЛ | 550 ДЕНАРИ |

Поскапувања има и кај производите за лична хигиена, козметика и средствата за чистење, иако не толку многу како кај храната и кај пијалаците. Па така, ако до пред една година 3 килограми прашок за перење чинел околу 270 денари, денеска за истата количина ќе треба да се одвојат најмалку 340 денари. Еден од најмногу купуваните брендови на омекнувачи за алишта, во февруари лани чинел 170, а денеска 260 денари. Најобичен освежувач за тоалетна школка, на пример, поскапел за 30 денари или за дури 50%. Еден од поевтините шампони за бебиња поскапел од 80 на 120 денари.  Енормно поскапување има и кај пелените за бебиња. Марка од најголемиот број на пелени (6) која пред 12 месеци чинела 530 денари, сега се продава за 200 денари поскапо или за 730 денари за пакување од 60-тина пелени. Помалите пакувања од 20 пелени во еден скопски маркет за само една година поскапеле од 125 на 165 денари. Една од најмногу купуваните пасти за заби се продава за над 50% поскапо, додека цената на хигиенските влошки се зголемила од 125 на 165 денари.

ЦЕНИ НА ПРОИЗВОДИ ЗА ЛИЧНА ХИГИЕНА

| ПРОИЗВОД | 2022/2023 | ПРОИЗВОД | 2022/2023 |
|---|---|---|---|
| ПРАШОК ЗА ПЕРЕЊЕ | 270 ДЕН. /340 ДЕН. | ПЕЛЕНИ ЗА БЕБИЊА (20) | 125 ДЕН./165 ДЕН. |
| ОМЕКНУВАЧ ЗА АЛИШТА | 170 ДЕН./260 ДЕН. | ПАСТА ЗА ЗАБИ | 80 ДЕН./135 ДЕН. |
| ОСВЕЖУВАЧ ВЦ ШКОЛКА | 65 ДЕН./93 ДЕН. | ХИГИЕНСКИ ВЛОШКИ | 125 ДЕН./165 ДЕН. |
| ШАМПОН ЗА БЕБИЊА | 80 ДЕН./120 ДЕН. | БЕБЕШКА КАШИЧКА (200ГР) | 65 ДЕН./80 ДЕН. |
| ПЕЛЕНИ ЗА БЕБИЊА (58) | 530 ДЕН./730 ДЕН. | ВЛАЖНИ МАРАМИЦИ (3) | 165 ДЕН./225 ДЕН. |

## ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ – ТРГОВЦИТЕ СЕ ЖАЛАТ, ТЕЗГИТЕ СЕ ПРАЗНАТ

Изгор скапо не е само во маркетите и во продавниците, туку и на зелените пазари. Се празнат тезгите, трговците се жалат дека муштерии има се помалку, а граѓаните, барем оние кои купуваат, реагираат дека парите им ги изела инфлацијата.Аква е сликата од терен, каде што јасно се гледа дека прометот на пазарџиите им е опаднат, зашто скапотијата си го направила своето. Се жалат дека давачките им се превисоки, поради што тешко опстануваат, а дел од нив размислуваат и да ги напуштат тезгите.

**„Пазарот се намали, ова веќе не го бива, нема луѓе, нема кој да работи, тезгите се празнат од ден во ден. Прометот е опаднат, а давачките се превисоки. Вкупните месечни давачки надминуваат 20.000 денари, поради што тешко опстануваме, а некои од нас размислуваат и да ги напуштат тезгите“**, велат пазарџиите.

Граѓаните, пак, се жалат дека цените сѐ уште се превисоки.

**„Цените се напумпани, па сега ко божем има акција. Сѐ е скапо. Скапотија невидена. Се чудам дали да купам брашно. Разгледував од сите фирми, 59 денари килограм брашно. Да се мисли човек дали да купи. Па на што личи тоа?“**

**„Нема ништо намалено, но забележав дека дел од продуктите кои мене ми се неопходни се поскапени“**, реагираат граѓаните.

Надлежните упорно уверуваат дека кога ќе се потрошат залихите останати по магацините по старите повисоки цени, ќе следи пад и минимално поевтинување на некои продукти.

# МОЈА ОПШТИНА

# ИНТЕРВЈУ СО ТОНИ КОЊАНОВСКИ,

## градоначалник на Општина Битола

## КОЊАНОВСКИ: ВО НАЈГОЛЕМАТА ЕКОНОМСКА И ЕНЕРГЕТСКА КРИЗА СЕ СНАОЃАМЕ САМИ, БЕЗ ПОМОШ НА ВЛАСТА



„Како локална самоуправа, оставени сме во услови на енергетска криза, сами да се справуваме со проблемите што се појавуваат. Не можам да се пофалам со некоја добра соработка со централната власт, затоа што пред сè, клучните проекти за кои работните активности треба да почнат од централната власт, не се случуваат. Таков е примерот со гасификацијата. Од страна на општината е завршена целата процедура и подготвени сме во секој момент да издвоиме средства од буџетот за оваа намена, но од страна на Владата, во чија надлежност е овој проект, сè уште нема конкретен чекор“, вели градоначалникот на Битола, Тони Коњановски во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент.


Тони Коњановски, градоначалник на Општина Битола.



**Економската и енергетската криза и натаму косат. Високите сметки за греење се сериозен проблем како за граѓаните, така и за општините и за јавните претпријатија. Како успевате како градоначалник да ги менаџирате големите трошоци?**

Затекнавме општина во која трошоците за електрична енергија беа навистина големи. Успеавме тој проблем да го надминеме, а дополнително со пренесувањето на уличното осветлување на ЈП Жабени, овозможивме заштеда на средства, за да може тие да се планираат и да се инвестираат во нови проекти за граѓаните, за подобра инфраструктура во Битола. Сепак, во овој дел ќе видиме како ќе се одвиваат понатаму работите и дали владината одлука ќе ги промени ваквите можности, што секако не би било од полза за Битола, но и за другите општини што функционираат на овој принцип.

Економската криза е навистина голем предизвик за сите нас, затоа што истовремено, треба да овозможиме подобри услови за граѓаните во сите области кои се во надлежност на локалната самоуправа, но и успешно да ги решаваме проблемите кои се појавуваат со зголемувањето на цените, а кои влијаат и врз набавките на општината и јавните претпријатија. Сепак, во вакви услови со добро менаџирање, успеваме да реализираме голем дел од нашите зацртани проекти, да овозможиме континуитет, но и да подготвиме проектна документација за реализација на нови проекти.

Така, минатата година ја завршивме со реконструирани дваесет улици од проектот за „Реконструкција, рехабилитација и изградба на 23 улици“, три се во постапка, а комплетно ги завршивме и отпочнатите пет улици што ги затекнавме со доаѓањето како нова локална самоуправа. Заедно со нашите соработници, уредивме повеќе детски паркови и спортски

игралишта, субвенциониравме проекти за енергетска ефикасност на колективни згради, изработивме катастар на загадувачи, зелен катастар.

Конечно, по 23 години, општината започна со изработка на нов генерален урбанистички план, кој ќе одговори на современите потреби на градот, а во делот на економскиот развој на општината, во постапка сме на изготвување стратегија за локален економски развој, што е особено значајно при аплицирање за средства за реализација на проекти со поддршка од меѓународни фондови. Истовремено, работиме и на привлекување нови инвеститори во градот, што е посебно значајно за локалната економија и за подобрувањето на можностите за работа на нашите граѓани.

**Неодамна најавивте дека индустриската зона Жабени е во големи долгови. Оваа индустриска зона е значајна како за Пелагонискиот Регион, така и за целата економија во државата. Каква е состојбата во моментов со индустриската зона?**

Тука морам да напоменам дека, единствено општина Битола има индустриска зона со која управува локалната самоуправа, односно јавното претпријатие формирано за таа цел. Точно е дека, кога започнавме со работа, јавното претпријатие „Жабени“ беше во една состојба која ја загрозуваше неговата ликвидност. Сепак, со една добра деловна политика, успеавме да овозможиме функционалност на претпријатието и повторно да овозможиме продажба на дванаесет парцели во зоната на инвеститори од Германија и од Турција, за разлика од претходно, односно во изминатите четири години, кога не само што редовно не се сервисирале обврските, туку и не се работело на привлекување нови инвестиции. Општината, продолжува да овозможува поддршка на претпријатието, со цел негова непречена работа и постигнување високи резултати.

**Колку компании има во моментов во индустриската зона ,,Жабени“ и колку работни места се отворени за жителите?**

Во моментот, во индустриската зона „Жабени“, успешно работи германската фабрика „Кромберг и Шуберт“, која започна со работа во 2013 година, а денес вработува 5.300 граѓани. Соработката што ја имаме со фабриката е на многу високо ниво, а истата е значаен бенефит, како за Битола, така и за дел од општините од Пелагонискиот Регион. Покрај оваа компанија од автомобилската индустрија, во зоната работат уште две претпријатија, Спринг ДООЕЛ – домашна компанија за производство на пелети и преработка на дрво, и Конкрит солушнс – индустрија со бетон, која ангажира работници во одреден период, согласно потребите на процесот на работа. Верувам дека, во овој мандат, како локална самоуправа, ќе успееме да привлечеме и нови компании, кои ќе значат и нови работни места за нашите граѓани.

**Како го оценувате работењето на институциите кои се под ингеренција на централната власт? Дали има Владата слух за помош и за реализација на некои клучни проекти за општина Битола?**

Како локална самоуправа, оставени сме во услови на енергетска криза, сами да се справуваме со проблемите што се очекуваат или се појавуваат. Не можам да се пофалам со некоја добра соработка со централната власт, затоа што пред сè, клучните проекти за кои работните активности треба да почнат од централната власт, не се случуваат. Таков е примерот со гасификацијата. Од страна на општината е завршена целата процедура и подготвени сме во секој момент да издвоиме средства од буџетот за оваа намена, но од страна на Владата, во чија надлежност е овој проект, сè уште нема конкретен чекор. Во делот на образованието исто така, има недостиг од блок-дотациите.

Во врска со изградбата на детските градинки,

очекувам дека министерството за труд и социјална политика, ќе ги испочитува одредбите согласно договорот за адаптација на детската градинка во просториите на Домот за доенчиња и мали деца, додека за другата градинка, во поранешната касарна, проблемите се надминати и во 2023 година, продолжуваме со изградба.

Во делот на соработката на локално ниво, немаме некои значајни проблеми, затоа што пред сè, како локална самоуправа, нашиот пристап, секогаш е насочен кон успешна реализација на потребите и на приоритетите, наспроти селективноста на „наши" и на „ваши" проекти. Не секогаш исто таков е и пристапот на централната власт, што дополнително влијае на одолговлекување на процесите.

**На почеток на вашиот мандат, кога дојдовте на градоначалничката функција, се пожаливте на многу заостанати обврски од претходното раководство. Дали успеавте да ги завршите сите започнати проекти?**

Тоа што секогаш го напоменувам, а е од особено значење за да може една општина да напредува, е нејзината отвореност за граѓаните и континуитетот и односот кон проектите како проекти на граѓаните и за граѓаните.

Во оваа насока, започнавме со работа од првиот ден, соочувајќи се и со бројни ситуации што не биле предвидени од претходното раководство, незавршени проекти и обврски од околу 209 милиони денари.

Но, за една година, задоволен сум што нашиот пристап ни овозможи да ги реализираме проектите за кои беше подготвена проектна документација, да ги исплатиме обврските, а тоа што ми потврдува дека се движиме во вистински правец е што успеавме да подготвиме 65 нови проекти во вредност од една милијарда денари. Ако кога дојдовме како ново раководство, имавме повеќе изготвени проектни документации, сигурен сум дека ќе имавме и многу поголема реализација. За оваа година, веќе воведуваме една нова динамика, од која резултатите, ќе бидат многу брзо видливи.

Општината, која некогаш беше затворена за граѓаните, сега има постојано достапни служби и градоначалник, како и отпочнат процес на дигитализација на услугите.

Во делот на инфраструктурата, согласно со програмите за комунални дејности и уредување на градежно земјиште и со развојната програма, во 2023 година, опфатени се 28 објекти, со кои се планирани изградба и реконструкција на улици, нови паркинг-простори и објекти од капитално значење во вкупна вредност од 7.2 милиони евра.

Имаме многу реконструирани улици и објекти, изградено паркови, но покрај овие проекти, и оваа година, продолжуваме со поддршка на културата, спортот, младите, меѓународната соработка и со реализацијата на проекти од програмите за прекугранична соработка.

**Колку често остварувате средби со амбасадори од други земји и дали имате воспоставено соработка за заеднички проекти?**

Амбасадорите се чести посетители на општина Битола, токму од причина што Битола навистина има што да понуди од повеќе аспекти. Исто така, Битола има 15 збратимени градови со кои ја одржува својата долгогодишна соработка. Во изминатата година, Битола ја посетија амбасадорот на Франција, со кој ја продлабочивме културната соработка и обезбедивме донација за противпожарната единица, амбасадорот на Јапонија, кој преку јапонската амбасада овозможи грант за клиничката болница во Битола, потоа разговаравме и договаравме идни активности и реализиравме заеднички настани и со амбасадорите на Германија, Шведска, Словенија, Романија, Кина, Турција,



Тони Коњановски во својата канцеларија.

Унгарија, Полска, Хрватска. Со Грција и со Албанија, веќе имаме воспоставено прекугранична соработка и од соработката со Грција, во завршна фаза на реализација се проектите „Бенефит" и „Зелен транспорт", а од соработката со Албанија, започнавме со реализација на новиот проект „Smart4you2". Во соработка со УСАИД, го започнавме проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите", во чии рамки ја изготвуваме и стратегијата за локален економски развој, за што разговаравме и со амбасадорката на Америка во земјава, која ја запознавме и со приоритетните проекти за кои изготвуваме документација. Во соработка со УНДП, го реализираме проектот „Reload 2", со кој се зајакнува транспарентноста на општината при овозможувањето финансиска поддршка за реализација на проекти од страна на невладиниот сектор. Со амбасадорот Дејвид Гир, разговаравме за континуитетот на проектите што веќе се реализираат во општината со поддршка од европските фондови, како и за нашата идна соработка во делот на реализација на проекти од областа на енергетската ефикасност, животната средина и на други проекти. Очекувам дека, наскоро, ќе се реализира и она што го разгледувавме како можност за отворање на „Куќа на Европа" во Битола. Секако, дека во целиот овој процес особено е важно и обезбедувањето одржливост на веќе реализираните инвестиции со поддршка од нашите европски и меѓународни соработници.

**Битола може да се пофали со својата историја и култура. Тие се нејзиниот најпознат белег. Колку сте задоволни од бројот на туристи што го посетуваат градот?**

Битола има големо културно историско наследство, кое во исто време претставува

туристичка атракција, како и можност за одржување на различни културни настани, што пак е особено значајно и за економски напредок на општината. Токму затоа, изминатата година, воведовме повеќе нови концепти на организација на културни настани, а постојните ги надградивме, ги поддржавме и ги збогативме содржински. Така, со „Зимска приказна“, овозможивме предновогодишно раздвижување на три локации низ музичко-сценски настапи на повеќе изведувачи, низ 62 проекти, преку 300 часови активна програма, што привлече голем број гости на програмските активности, не само од Битола, туку и од соседните градови.

Битолското културно лето, изминатата година, беше уште еден пример како со добра културна понуда може да се постигне значаен ефект во економијата, туризмот, угостителството, особено по кризата со Корона-19. Офицерскиот дом во Битола беше центарот на случувањата на културните настани во Битола заедно со античкиот локалитет Хераклеја, и уште еднаш се потврди дека битолчани и Битола има со што да се покажат, да се пофалат и да се претстават пред домашната и пред странската публика. „Бит-фест 2022“ годинава привлече над 40.000 посетители, а се реализираа 140 настани од официјалната програма, меѓу кои девет фестивали, 64 музички концерти на класична, поп, рок, џез-музика, како и музика низ која се слушаше народниот мелос, 10 изложби, 25 филмски проекции, 20 театарски претстави, уметнички перформанси и други настани низ кои се промовираа културното наследство и традицијата на Битола.

Како град на првите сниматели на Балканот, локалната самоуправа, продолжува и со поддршка на Фестивалот „Браќа Манаки“, а во текот на годината, тука се и „Фестивалот на музика од светот“, програмата „Интерфест“ што ја организираме по повод одбележувањето на Денот на ослободувањето на градот. Сите овие настани, посебно за време на летните месеци, ги исполнуваат сместувачките капацитети и создаваат вистинска туристичка раздвиженост во Битола. Нашата тенденција е, преку организирана културна понуда, да ги привлечеме туристите да дојдат во Битола, но да создадеме и причини поради кои ќе останат во Битола на подолг престој.

Во оваа насока веќе постигнуваме резултати, што се потврдува и со зголемениот број туристи, но тоа значи дека ваквиот пристап континуирано треба да се збогатува и да се надградува, да се креира нова туристичка понуда, од која секако дека ефектите нема да изостанат.

**Иселувањето е еден сериозен проблем со кој се соочува Македонија, а не е поштедена ниту една општина. Дали имате Вие како градоначалник стратегија како да ги задржите младите да останат и да работат во својот град или да се вратат во него?**

Убаво уредена општина, со добра инфраструктура, која нуди добри можности за економски, културен, спортски и туристички развој, секако дека е најдобрата визија во која младите ќе можат да го пронајдат својот интерес, да останат и тука да работат и да ја градат својата иднина. Секако, дека и Битола, како и другите општини, се соочува со тој проблем на иселување на младите луѓе, но со сите активности кои ги преземаме, активно вклучувајќи ги младите во процесот на донесување одлуки и реализација на активности, насочени сме кон постигнување на главната цел: младите од Битола да продолжат да создаваат во својот град.

**Бездомните кучиња се нерешлив проблем кој трае со години низ целата држава. Како се обидува вашата општина да најде решение?**

Проблемот со бездомните животни е

долгогодишен проблем, за кој за жал, ако се постапувало навремено, денес и последиците немаше да бидат од толкави размери, како во однос на граѓаните, опасноста од каснување, незгрижeноста на бездомните животни, така и во однос на дополнителните реперкусии за општинскиот буџет.

Како локална самоуправа, првпат започнавме со преземање конкретни краткорочни и долгорочни мерки, кои сигурно ќе дадат резултати, но тука е и неопходната соработка со граѓаните, а секако и потребата од дополнителни финансиски средства, кои се обидуваме да ги обезбедиме за да може конечното решение да се заврши што поскоро. Го изготвивме проектот за прифатилиште за бездомни животни, кој е одобрен и од оваа година започнуваме со адаптација на постојниот објект и изградба на дополнителни содржини во функција на објектот, согласно проектната документација.

Но, до целосна изградба на прифатилиштето, спроведовме постапка за јавна набавка и согласно склучениот договор со економскиот оператор, во моментот се врши стручен третман на кучиња скитници и на нерегистрирани кучиња на територијата на општина Битола, со заловување на повеќе локации. Податоците за секое заловено куче се внесуваат во ветеринарно-информативниот систем, и на овој начин, се врши соодветен хуман третман на кучињата, но и заштита на населението, како од каснувања, така и од можноста за создавање средина што е потенцијален извор за пренесување одредени зоонози и паразитни заболувања. Отворивме телефонска линија, на која граѓаните можат да пријавуваат недозволено пуштање кучиња, за што интервенираат надлежните служби. Сето ова ќе доведе до решавање на проблемот што го имаме, но потребно е да помине време додека да ги завршиме сите овие активности, што верувам дека оваа година и ќе го направиме.

**Како општина сте вклучени во проектот "Интеграција на зелен транспорт во градовите". Со него се предвидува обезбедување на електрични комбиња и автомобили за четирите општини во регионот, меѓу кои е и Битола. Кажете ни колку ја чини општината овој проект?**

Проектот „Интеграција на зелен транспорт во градовите" кој се имплементира преку ИПА прекуграничната програма со Република Грција 2014- 2020 е аплициран во 2016 година и истиот е класичен пример како треба во континуитет да се работи за успешно да се заврши една добра проектна идеја.

Резултатите од реализацијата се промоција на целите на проектот, обезбедување електрични комбиња и автомобили за четирите општини во регионот, изведба на фотоволтаични инсталации и станици за полнење електрични возила во четирите општини, комуникациски систем, одредување на оптимален распоред на рути итн.

Со реализацијата на проектните активности, Општина Битола, набави две електрични возила: едно комбе со 8+1 седиште и едно возило со 5 седишта како и соодветна комуникациска опрема со адекватен софтвер. Последната фаза од проектот вклучува пилот употреба и ставање во функција на комплетниот систем. Поставени се фотонапонски панели на кровот на Спортската сала „Боро Чурлевски", и станица за полнење на електрични возила.

Вкупниот буџет на проектот вклучувајќи ги сите партнери изнесува 1.017.627,40 евра, од кои буџетот за општина Битола е 196.330 евра.

**Општините Битола и Тетово очекуваат во најскоро време да започне изградбата на пречистителните станици за отпадни води и да се овозможи пречистување на фекалиите во овие два големи града. Колку ќе чини оваа инвестиција и што ќе значи таа за граѓаните?**

По неуспешното спроведување во 2020 година, повторно се обновува постапката за проектот „Изградба на пречистителна станица и реконструкција и надградба на канализационата мрежа во Општина Битола", со кој Битола треба да добие пречистителна станица со која е предвидено собирање и третирање на отпадните води во градот и во околината.

Вкупната вредност на овој проект кој е финансиран од Програмата ИПА 2, преку Секторот за заштита на животната средина и климатски промени изнесува 27,8 милиони евра. Со реализацијата на проектот ќе се реши проблемот со отпадните води кои во моментот се испуштаат во реката Драгор и Петтиот канал, како и излевањето на канализацијата на повеќе локации во градот.

**Колку одвојувате време за проблемите на граѓаните? И колку често сте на терен да ги видите проблемите на само место?**

Отворена и транспарентна општина, која секогаш ќе работи во интерес на граѓаните, беше нашето мото со кое започнавме да работиме. Така, во изминатата година, општината е целосно отворена за граѓаните, а јас како градоначалник, секојдневно имам средби со жители од урбаниот и руралниот дел од општината, кои се обраќаат за разни прашања и проблеми со кои се соочуваат, потоа со спортисти, културни работници, невладин сектор, бизнис сектор итн. Исто така, квартално, организираме отворени денови, со цел да овозможиме сите граѓани да дојдат, заеднички да побараме решение на одредени прашања или да иницираат проекти, кои во соработка со нашите служби ќе бидат разгледани или предвидени за реализација во општинските програми ако се определат како приоритети.

Дополнително, за да ги вклучиме граѓаните директно во сето она што го работиме и го преземаме, организираме буџетски форуми, јавни анкети и презентации, преку кои точно и прецизно се одредуваат приоритетните проекти.

**Спортот е главна преокупација на голем дел од граѓаните во нашата држава, најмногу на младите. Колку вложувате во вашата општина во инфраструктура, за да им олесните на граѓаните да спортуваат?**

Општина Битола, во согласност со програмата за спорт и млади, обезбедува финансиска поддршка за спортските клубови и здруженија, како и за индивидуалните спортисти, професионалниот спорт, женски спортски здруженија, училиштен спорт, универзитетскиот спорт, како и организација на спортски манифестации преку кои се промовира спортот и се поттикнува спортскиот дух кај младите. Согласно со оваа програма, годинава издвоивме 40.100.000,00 денари.

За прв пат, со оваа програма ќе се организира Спортско лето, циклус на рекреативни настани што ќе се одржуваат на отворено, и сите заинтересирани ќе имаат можност бесплатно да тренираат и да посетуваат школи за фудбал, кошарка, одбојка, ракомет, боречки спортови и друго, а ќе се реализираат и обуки за деца со попреченост. Целта на Спортското лето е преку рекреативниот спорт да му се овозможи на секој граѓанин согласно неговите потреби и можности активно да се вклучи во спортскиот живот на општината.

Општината, исто така, оваа година за првпат дава поддршка и за програмите, проектите и активностите со млади, како што е Локалниот младински совет, студентската практика итн., а започнуваме и со финансирање на Центарот за млади, место каде што ќе се подготвуваат и ќе се спроведуваат програми за подобрување на благосостојбата на младите, како и за развој на личниот, социјалниот и на професионален живот на младите.
Во делот на спортските објекти и опрема, континуирано се работи на подобрување на условите за тренинг на спортистите.

# СКОПСКА ЦРНА ГОРА



**Кога станува збор за Скопје и околината како туристички дестинации, речиси секогаш посетителите прво помислуваат на строгиот центар на градот, Калето, Старата Чаршија или пак на излетничките места на најблиската планина Водно, манастирскиот комплекс Свети Пантелејмон и кањонот Матка. Спроти Водно, на север од Скопје, се наоѓа планината Скопска Црна Гора, која како да е туристички и тоа како подзаборавена за разлика од Водно. Освен црквите и манастирите во околината на село Бањани, се чини поголем метеж на посетители нема. Сепак, во продолжение ви претставуваме неколку атрактивни локалитети, кои можеби ќе ве натераат на еднодневна екскурзија низ овој крај.**

## АРХЕОПАРК „ГРАДИШТЕ“ – С. БРАЗДА

Првите податоци за постоењето на село Бразда датираат уште од времето на Османлиската Империја, односно од 16. век. Бразда е најјужното село на Скопска Црна Гора, сместено во долината на Бањанска Река, а во нејзиниот атар се спојуваат Бањанска и Кучевишка Река. Оваа вода порано каптирана, била спроведена на југ и ги снабдувала античкиот град Скупи и средновековното Скопје со вода за пиење. За тоа сведочи и Ѓорѓоец, водовод од римско време, чии остатоци се пронајдени на еден километар југозападно од селото Бразда.

Она за што ретко кој слушнал е дека ова село, или поточно ридот Градиште, кој се издига над Бразда, крие тајна гробница. Археолошките истражувања кои започнале уште во 1985 година, потврдиле дека на ридот и околу него постоела утврдена населба која датира од 5. или 4. век пред нашата ера. Со ископувањата се откриени дел од работилница за преработка на метал (оловна руда) и керамика од 5. односно 4. век пред нашата ера. Тоа е периодот кога на оваа територија живеело најсеверното пајонско племе Агријани. Агријаните живееле од реонот на Тетово до источните падини на Пирин. Пресечна граница на југ бил Велес. Уште пред да завладее Филип Втори, Агријаните биле блиски со династијата што владеела со земјите Горна и Долна Македонија. Досега не е најден историски податок за меѓусебни судири, војни и освојувања, за разлика од односот помеѓу македонската династија и Пајонците. Во владеењето на Филип Втори, Агријаните станале верни сојузници (за разлика од други групи) и сочинувале голем дел од фалангата. Биле прочуени по тоа што биле одлични војници што многу вешто ракувале со лесните копја. Агријаните останале дел од македонската империја сè до доаѓањето на Рим и трите војни што следувале. Интересен е податокот дека во турските пописни и



Археопарк Бразда.

даночни тефтери за Македонија од 16. век, низ црногорските села во Скопје, селата зад Водно и неколку други места, се среќава личното име Агријан.

Сепак, видот и карактеристиките на откриените керамички наоди упатиле на една теорија дека ридот бил населен од Атињани што ги испитувале природните ресурси во околината.

Во 1986 година, била откриена уникатна градба, за која археолозите сметаат дека е гробница на локален великодостојник. Гробницата е длабоко вкопана во земјата, има правоаголна просторија или комора и влез со шест скалила. Кон влезот води долг пристапен ходник (дромос), кој стрмно се спушта по падината од ридот. Ѕидовите на комората се изработени од големи травертински блокови со различни димензии. Камените блокови биле носени на оваа локација од Горно Свиларе, оддалечено 23 километри, односно од тамошниот рудник. Со оглед на тоа што не биле пронајдени никакви наоди, се претпоставува дека гробницата била одамна ограбена, уште од античко време. По намената, гробницата била несомнено владетелска. За тоа зборува пред сè нејзината големина, како и квалитетот на градење и на обработка на блоковите, за што биле ангажирани врвни архитекти.

Долги години од неговото откривање, локалитетот Градиште во с. Бразда, беше недостапен за посетители, а многуте случајни и намерни минувачи немаа можност да се информираат за особеностите на ова значајно културно наследство. Пред 10 години, во 2013 година, по обемна работа на чистење и уредување на просторот за прием на посетители, се отвори првиот археолошки парк во Македонија на локалитетот Градиште во с. Бразда.

Во НУ Археолошки музеј – Скопје, во тек е изложба на фотографии по повод 35 години од откривањето на Владетелската гробница во с. Бразда. Изложбата ќе биде поставена до крајот на февруари.




**Глувовуд.**
*Извор: Јовица Кукуновски*

## ГЛУВОВУД

Недалеку од с. Бразда се наоѓа селото Глуво. Селото изобилува со преубава природа, знаменитости и чист воздух. Од пред 4 години, во 2019 година, на ридот над селото беа поставени „холивудските“ букви ГЛУВОВУД, по пример на филмскиот град, симбол на Лос Анџелес. Во селото нема ништо поврзано со филм, освен можеби филмскиот пејзаж што го опкружува. Сепак, идејата за поставување на големите бетонски букви е на Јовица Кукуновски-Кукун, жител на селото, кој со сите сили се обидува, работи и активно се грижи за негова промоција. Тој смета дека овој потег го направило Глуво уште поатрактивно за посетителите.

Треба да се има предвид дека патот до Глувовуд воопшто не е лесен. Тој минува низ навистина стари, но уникатни по архитектура куќи, но автомобилите мора да се остават во непосредна близина на манастирската црква „Свети Атанасиј Велики“, изградена во 2016 година, врз црквичка од 1970 година, која, пак, била изградена врз темели од постара црква. Манастирот бил изграден од народот, од жителите на селото, кои со свои раце и донации го возобновиле овој комплекс. Бидете внимателни бидејќи на импровизираниот паркинг-простор пред манастирот има многу возила, па поради метежот во викендите (особено во летниот период), можно е да не најдете место за паркирање.

Инаку, на самиот влез на манастирот, ќе ве дочека еден уреден видиковец наречен „Глуво на дланка“, донација од нашинец во Австралија, а ќе го забележите и едно од најголемите ѕвона што тежи 760 килограми. Мештаните, но и посетителите, често знаат да застанат токму во дворот на манастирската црква и да се воодушевуваат на панорамата што го опкружува.

Патот до Глувовуд е земјен и по угорнина, по што по 10 минути се стигнува до врвот на ридот на кој се поставени буквите. Просторот е широк и погоден за организирање семеен пикник, а децата особено сакаат да седат, да се качуваат по буквите и нормално, да се фотографираат. Природата во овој дел е прекрасна, па многумина ги користат викендите да прошетаат токму овде. Мештаните се надеваат дека не само жителите, туку и локалните власти на ова место ќе постават повеќе места за седење и за уживање, а бараат и да се среди патот по кој се стигнува до Глувовуд.



Спирова колиба.

## СПИРОВА КОЛИБА И ВОДОПАДИТЕ, С. БРОДЕЦ

Скопска Црна Гора е релативно лесна дестинација за планинарите, па низ неа можат да минуваат и почетници во овој спорт. Низ планината има 15-тина добро обележани планинарски патеки, а дел од нив минуваат над селото Бродец. Ова село е речиси напуштено. Сепак, голем дел од граѓаните на Скопје што имаат потекло од овој крај или, пак, на кои им се допаѓала околината, решиле токму овде да изградат викендици. Скриено длабоко зад другите села што се поврзани на главниот пат, до Бродец се стигнува низ патот што води од с. Побожје кон селата Брест и Танушевци.

Рекреативната патека од Бродец до Спирова колиба е наменета за послабо подготвените, оние кои имаат почетна физичка кондиција, за деца, за повозрасни граѓани. Според тоа, таа е лесна и прегледна патека, без стрмни угорнини. Патеката започнува од Бродец кај чешмата и е долга 3.5 километри. Потребни ви се околу 2 часа за да стигнете до колибата.



**Водопади Бучало.**
*Извор: Бошко Младенов*

За местото Спирова колиба, каде што често има дружба и кампување на планинарските групи, се врзани бројни приказни. Локацијата е поврзана со приказната за планинарот Спиро Митков, или за сите планинари познат како чичко Спиро. Тој речиси три децении непрекинато ја шета, ја чува и ја негува планината. Пред две децении, самиот носејќи материјал до оваа локација, ја изградил колибата, која денеска е отворена за сите што сакаат да направат пауза и да се одморат, а освен тоа служи и како прибежиште во случај на невреме.

Колибата се наоѓа во месноста која локалните жители ја знаат како Бродечки Вирови или во поново време Сотирова Чешма. Позиционирана е на 1.448 метри надморска височина, со моќно извориште и фантастичен поглед на речиси целата Скопска Котлина. Од колибата се отвора поглед на сите доминантни планини во близината на Скопје: Шар Планина со врвовите Љуботен, Пирин Бек, Кобилица, Солунска Глава, Китка, Водно, Матка, Жеден.

На овој потег се наоѓаат и водопадите на Тршченскиот Поток, на околу 500 m источно

од Бродец, на 950-1.100 метри надморска височина. Се работи за десетина водопади со височина од два и пол до пет метри, наредени скалесто еден под друг, така што целата појава претставува слап. Најпристапни и највпечатливи се шесте водопади што локалното население ги нарекува Бучало. Истите се лесно пристапни и до нив води патека што започнува на самиот излез од викенд-населбата Бродец. До двата горни водопади се стигнува за само 5 минути лесно пешачење. На 150 метри оддалеченост има уште 4 водопади. Најгорниот водопад е и најголем во целата област, со височина од 5 метри.

Треба да имате предвид дека водопадите се најубави во месеците март и април, кога се топат снеговите и кога расцутува природата. Ако отидете во екстремна суша, во текот на најжешките летни месеци (на пример, во август) тие можат да бидат целосно или делумно пресушени.

## АЈВАТОВСКИ РИД

Ајватовски Рид не е дел од Скопска Црна Гора, но се наоѓа во близина над селото Ајватовци. Областа со години беше позната по уништената шума во бројните пожари, како и по масовната акција за пошумување „Ден на дрвото“. Токму на оваа локација беа засадени дури 6 милиони садници. Без разлика што многумина спорат околу успешноста на проектот, неминовно е да се каже дека акцијата колку-толку имаше ефект. На ридот над селото денеска има шума, која често е посетувана од околните мештани. Местото претставува редовен избор за прошетки и пикнизи, особено во летните месеци поради поголемата надморска височина и ветерот кој речиси секогаш е присутен на овој потег. Не ретко можат да се забележат и семејства што се одлучуваат овде да кампуваат преку викендите.

На Ајватовскиот Рид се наоѓа и многу убаво уредената црква „Свети Петар и Павле“. До неа се стигнува по заобиколен асфалтиран пат или пак преку 365 скалила што водат непосредно до црквата. Од ова место се протега прекрасна глетка на целото Скопско Поле. Се работи за релативно нов комплекс, но големиот двор е особено убаво хортикултурно уреден со многу места за седење, па токму затоа оваа локација е толку многу посетувана од жителите.



**Црква Свети Петар и Павле, Ајватовски Рид.**
*Извор: Ивана Наумовска*



## НАЈБОГАТИТЕ ВО НОРВЕШКА СИ ЗАМИНУВААТ ОД ЗЕМЈАТА ПОРАДИ ГОЛЕМИТЕ ДАНОЦИ ШТО ГИ ВОВЕДЕ ВЛАДАТА

Повеќе од 30 милијардери и милионери од Норвешка побегнаа во Швајцарија и во неколку други земји бидејќи владата на Осло наплаќа висок данок на богатство, пишува „Фајненшл тајмс“. Ваквиот чекор на најбогатите луѓе почна уште минатата година, кога одлучиле парите да ги префрлат во банки во земји каде што даноците биле значително пониски. Покрај Швајцарија, се преселиле во земји како Кипар, Италија и Канада. Ваквиот чекор се очекува да го следат и многу други магнати бидејќи се загрижени за даночните промени, за кои велат дека се штетни за конкурентноста на земјата. А на исти став се и даночните советници.

Последниот меѓу милијардерите што ја напушти Норвешка е Фредрик Хага, 31-годишниот ко-основач на компанијата за податоци за криптовалути „Duna“, вредна милијарда долари, кој најави дека и официјално ќе регистрира живеалиште во Цуг, Швајцарија. „Морав да изберам помеѓу животот во Норвешка и постоењето на мојата компанија. Не е дека не сакам да плаќам данок. Станува збор за плаќање данок на пари што ги немам“, изјави Фредрик Хага за „Фајненшл тајмс“. Во центарот на дебатата е данокот на богатство на Норвешка, кој се наплаќа на сите нето-средства во вредност од над 1,7 милиони норвешки круни односно (173.000 долари) со стапка од 1,1 отсто. За најбогатите, и Швајцарија има данок на богатство, но нуди бенефиции за странците.



**Норвешка ги губи најбогатите луѓе во земјата.**
*Извор: getty images*

Група богати Норвежани, кои минатата година заминаа во Швајцарија, според нивните годишни даночни пријави, имале вкупно богатство од 29 милијарди круни и платиле 550 милиони круни како данок.

Данокот на богатство во Норвешка е еден од ретките што сè уште се наплаќаат во Европа. Франција го укина во корист на данокот на имот во 2018 година, кој долго време беше извор на незадоволство меѓу богатите во Норвешка.

Според даночните експерти, владата на Осло предизвикува сериозен проблем за норвешките бизниси. Данокот ги принудува сопствениците да извлечат дивиденди од нивните компании, понекогаш повисоки од профитот. Тоа значително ги намалува инвестициите во компаниите“, изјави за „Фајненшл тајмс“ Матилде Фастинг, даночен експерт.

# ВЕЛИКА БРИТАНИЈА ГИ СТИМУЛИРА ДОМАЌИНСТВАТА: 20 ФУНТИ ПОПУСТ ЗА 20% ПОНИСКИ СМЕТКИ ЗА СТРУЈА



Велика Британија ги стимулира граѓаните да ги намалат сметките за греење.
*Извор: AFP*

Доколку едно домаќинство ги исклучи електричните апарати во моменти на најголема потрошувачка, ќе добијат попуст на нивните месечни сметки за електрична енергија и природен гас. Во недостиг на струја, Велика Британија се обидува да најде начин да ја намали потрошувачката со тоа што ги стимулира граѓаните да штедат. Поради студеното време, потребите за енергија се зголемуваат и енергетскиот систем на земјата доживеа недостиг од електрична енергија и природен гас.

Владата на Велика Британија вети дека оние домаќинства што ќе ги исклучат апаратите за домаќинство во периодот од 16:30 до 18 часот, и ќе ја намалат потрошувачката за повеќе од 20 проценти, ќе добијат попуст до 20 фунти на нивните месечни сметки.

Интересот за ваквата одлука е голем. Над милион домаќинства и компании се пријавиле да му се приклучат на предлогот, но бараат да добијат таканаречени „паметни броила", кои ќе ја пријавуваат потрошената енергија во реално време.

Британската влада платила вкупно 850.000 фунти за намалената потрошувачка. Претставниците на британските власти изјавија дека финансиската шема за флексибилна потрошувачка најверојатно ќе стане дел од животот на Обединетото Кралство.

# ЦРНА ПРОГНОЗА НА ММФ ЗА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА: РЕЗУЛТАТИ ПОЛОШИ ДУРИ И ОД РУСИЈА

ММФ уште еднаш ја намали својата прогноза за Обединетото Кралство, предвидувајќи пад од 0,6 отсто, што е намалување од прогнозата од октомври минатата година за раст од 0,3 отсто.

Темната перспектива за наредната година го става Обединетото Кралство далеку зад другите земји од Г7, означувајќи ја како единствена земја меѓу напредните и економиите во развој што се очекува да претрпи година на пад на БДП.

Според прогнозата на ММФ, економијата на Обединетото Кралство ќе заостане зад таа на Германија, па дури и зад Русија, која е погодена од санкции, при што се очекува двете земји да забележат скромен раст оваа година.

Откако Русија ја започна својата „специјална воена операција" во Украина, таа стана предмет на санкции од Западот. Само во Обединетото Кралство, санкциите против Русија за прв пат надминаа 18 милијарди фунти, бидејќи беа заострени финансиските ограничувања за банките и за олигарсите во Кремљ.

Изгледите за рецесија за Обединетото Кралство доаѓаат по штрајковите на јавниот сектор поради платите и инфлацијата која сè уште е повеќе од 10 проценти

Меѓу другите земји од Г7, прогнозите на ММФ за БДП за 2023 година покажуваат раст од 1,4 отсто во САД, 0,1 отсто во Германија, 0,7 отсто во Франција, 0,6 отсто во Италија, 1,8 отсто во Јапонија и 1,5 отсто во Канада.



Раст на просечната плата во Црна Гора.
*Извор: cbcg.me*

## ПРОСЕЧНАТА ПЛАТА ВО ЦРНА ГОРА ДОСТИГНА 727 ЕВРА

Расте просечната плата во Црна Гора. Во декември, според податоците на Управата за статистика (МОНСТАТ), изнесувала 727 евра. Таа е за 0,8 отсто поголема во однос на ноември. Највисоки плати според црногорската статистика биле исплатени во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 3,8 отсто, државната управа и одбраната за 2,4 отсто и услугите за сместување и храна за 2,2 отсто.

Пад на просечната нето-заработка во декември во однос на ноември е забележан во секторите рударство и ископување камен за 2,8 отсто, како и кај преработувачката индустрија и административните и помошните услужни дејности за по 1,7 отсто.

## МАКЕДОНИЈА СО НАЈМНОГУ НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ, НАЈМАЛКУ ОДМАРААТ АЛАБАНИЈА И ХРВАТСКА

Со вкупно 28 неработни денови во текот на календарската 2023 година, во кои се вклучени државни, верски, но и други празници, Македонија е на првото место



Македонија на прво место по број на неработни денови.




„Кока-кола“ го лансира првиот мобилен телефон.
*Извор: propakistani.pk*

## „КОКА-КОЛА“ ЌЕ ЛАНСИРА МОБИЛЕН ТЕЛЕФОН ВО ПРОДАЖБА

Глобалната компанија за продажба на сок Кока-кола започнала соработка со дел од производителите на смартфон, со цел да лансира свој мобилен телефон, брендиран под свое име.

Новиот телефон ќе биде пуштен прво на индискиот пазар уште во овој квартал. Кој е производителот, компанијата информацијата сѐ уште ја чува во тајност. Телефонот на „Кока-кола“ ќе има модерен дисплеј со селфи-камера и приклучок за слушалки и аудио-поддршка.

во земјите од регионот кога станува збор за бројот на неработни денови. Меѓу нив се државни и верски празници, но и национални денови на етничките заедници во земјата, на оние припадници на заедниците кои во Уставот се наведени како конститутивни, меѓу нив Албанци, Турци, Бошњаци, Срби, Роми и Власи, анализира ТРТ.

Второто место според неработни денови во годината го делат Црна Гора и Косово, каде што граѓаните имаат по 21 неработен ден поради различни празници.

Според црногорскиот Закон за државни и за други празници, сите празници во Црна Гора се празнуваат два дена, а неработни се и главните верски празници.

Државјаните на Косово имаат вкупно 21 неработен ден поради празниците. И во Косово, етничките заедници како неработни денови ги имаат своите национални празници кои ги празнуваат неработно.

Во Босна и Херцеговина имаат по 18 неработни дена, а Албанија и Хрватска се земји со најмалку празници. Според официјалните податоци, 14 неработни дена поради празниците во текот на 2023 година имаат државјаните на Албанија. Исто толку неработни дена поради државни и верски празниците во текот на годината имаат и државјаните на Хрватска, единствената земја од регионот членка на Европската Унија.

# АВИОБИЗНИС

## МАКЕДОНСКОТО НЕБО ЌЕ СЕ ЗБОГАТИ СО НОВИ АВИОЛИНИИ



Анталија, Измир, Сплит и Белград, се само дел од новите дестинации до каде ќе можат да летаат македонските граѓани. Сан експрес, Кроација ерлајнс и Ер Србија ќе оперираат од скопскиот и од охридскиот аеродром. По две исклучително тешки години за воздухопловната индустрија низ светот и по почетокот на периодот на закрепнување од пандемијата, патувањата полека се вратија во нормала, а со тоа и компаниите одлучија да направат чекор напред со нови договори за летање. Овој сектор е одлучен да закрепне, а со тоа полека да го врати и својот профит.

Српскиот авиопревозник кој ќе стартува од јуни, излезе и со официјална најава до македонските медиуми. Потврди дека од ова лето ќе оперира неколку пати во текот на неделата и ќе ја обнови авиоконекцијата меѓу Белград и Охрид.

„ТАВ како аеродромски оператор секогаш топло ги пречекува одлуките на авиокомпаниите за нови или за обновени авиолинии и летови. Среќни сме што Аеродромот Св. Апостол Павле Охрид повторно ќе ја додаде оваа авиолинија во својата мрежа и ќе го опслужува летот Белград-Охрид-Белград, на кој ќе лета Ер Србија, откако беше стопиран во 2017 година. Оваа авиоконекција ќе значи дека туристи од Србија ќе можат да патуваат до Охрид со авион и да ги посетат околината и регионот на Охридското Езеро на побрз и на поудобен начин. Понатаму, оваа линија дополнително ќе отвори нови дестинации за нашите граѓани и за луѓето во гравитациската зона на охридскиот регион, бидејќи Ер Србија лета до преку 70 дестинации во Европа, Медитеранот, Северна Америка, Азија и Африка, што претставува уште една предност и погодност за нашите патници“, изјави Метин Батак, генерален директор на ТАВ Македонија.

**Ер Србија ќе отвори простор за нови дестинации.**
*Извор: ТАВ Македонија*



Но, тука не застануваат новите можности за граѓаните. Со летниот ред на летање се очекува својата линија да ја обнови авиокомпанијата Флај Дубаи, која повторно ќе оперира до атрактивниот Дубаи. За сезоната што следува се најавени дополнителни чартер-летови од досега реализираните од страна на холандски туроператори. Исто така, директен чартер ќе има од Скопје до Манчестер и до Лондон. Како нови дестинации во јавноста се споменуваат и Катовица, Полска, како и Скопје-Тел Авив. Но, сите овие нови летови засега се само најава, а се очекува да стартуваат со летниот ред на летање, кој почнува на 26 март.

„Кога станува збор за авиолинии и авиокомпании од Блискиот Исток, тие сè уште не се обновени. Меѓутоа, ТАВ Македонија прави навистина големи напори и интензивно работи на можностите за враќање на овие линии. За оваа цел, на наша иницијатива, односно во организација на ТАВ Македонија, веќе беше остварена посета во Дубаи, со цел да го презентираме потенцијалот на овие линии, а иницијативата ја поддржа и македонската амбасада во Абу Даби", објаснуваат од ТАВ Македонија.

Овие нови договори со авиокомпаните, откако ќе бидат обновени, не само што ќе бидат од голема корист за македонските граѓани, туку ќе придонесат и за домашниот бизнис. Со директни летови ќе пристигнат и нови гости од тие дестинации, а со нив се очекува најмногу да заживеат хотелиерството и угостителството. Првиот човек на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, Љупчо Јаневски за  Магазинот за туризам и менаџмент изјави дека очекува овие сектори да го дадат најдоброто од себе и да остават добар впечаток пред странските гости, за да ги привлечат повторно да ја посетата нашата земја.

„Побрзото патување и конекцијата до различните дестинации ќе значи многу, пред сè за авиоиндустријата во Македонија. Ќе се скрати времето на патување, а ќе се воспостават поголем број туроператори, со што ќе се направи директно поврзување до одредени дестинации. Со поголем број воспоставени линии, гостите од различни европски земји нема да бидат ретка слика во нашата земја, туку секојдневие. Со тоа хотелскиот и угостителскиот сектор ќе имаат повеќе предизвик да ги приспособат условите и да ги подобрат услугите, за да станат поконкурентни во својата област", вели Јаневски.

Во моментов од Македонија има директни летови кон 36 дестинации. Според последните податоци на ТАВ Македонија, преку двата аеродроми минатата година патувале 2,4 милиони патници, а биле реализирани близу 20.000 летови. Од аеродромскиот оператор велат дека 2022 година речиси го врати оптимизмот со оглед на тоа дека биле реализирани патувања близу колку годината пред пандемијата.

Меѓу атрактивните дестинации за македонските граѓани се Милано, Лондон, Истанбул, Париз. Атина и Истанбул, пак, се две клучни дестинации што најмногу од сите останати се користат како точка за пристигнување до подалечни дестинации.

Еве кои се топ-пет земји со најголема фреквенција, од скопскиот аеродром во текот на целата 2022 година:

| | |
|---|---|
| **Германија** | **Удел: 24%** |
| **Турција** | **Удел: 1,1%** |
| **Швајцарија** | **Удел: 14,2%** |
| **Шведска** | **Удел: 6,9%** |
| **Австрија** | **Удел: 6,2%** |




ТАВ Македонија очекува нови линии со летниот ред на летање.
*Извор: ТАВ Македонија*

Следната табела ги прикажува дестинациите со најголема фрекфенција од охридскиот аеродром во текот на изминатата година:

| | |
|---|---|
| Виена | Удел: 18% |
| Базел | Удел: 15.9% |
| Цирих | Удел: 11,9% |
| Меминген | Удел: 11% |
| Малме | Удел: 10,8% |
| Фридрихсхафен | Удел: 8,7% |
| Дортмунд | Удел: 8,6% |
| Амстердам | Удел: 8,3% |

Новите потврдени авиолинии за следниот период досега се на авиокомпанијата Луфтханза, која најави дека ќе почне да сообраќа од Меѓународниот аеродром Скопје со 10 фреквенции неделно до Франкфурт, велат од ТАВ Македонија.

## *Завршува една ера: по повеќе од педесет години од првиот лет, Боинг го испорача последниот 747.*

Боинг и официјално се збогува со оригиналниот џамбо-џет Боинг 747. Првиот лет на овој софистициран авион е направен во 1969 година. Авионот што го нарекувале пред повеќе од 50 години „кралица на небото“ и кој значел најголем луксуз во своето време, сè уште им служи на американските претседатели. Постојната флота ќе продолжи да лета во наредните децении, но со прекин на производството.

Овој настан наменет за збогување беше прикажан како многу емотивен за раководството на компанијата и за сите познаници на цивилното воздухопловство. Неговото големо значење беше одбележано заедно со илјадници сегашни и поранешни вработени во фабриката на Боинг во Еверет, Вашингтон.

„Големината, опсегот и ефикасноста на авионот ѝ овозможија на средната класа да патува надвор од Европа или од САД по прифатлива цена, дури и за време на енергетските шокови во 1970-тите. Тоа го отвори светот“, рече Мајкл Мерлуцо, директор за воздухопловна и за одбранбена анализа во консултантската компанија Еар.

Боинг произведе вкупно 1.574 авиони 747. Но, млазниот авион остана во сенка на поновите




**Испорачан последниот Боинг 747.**
*Извор: Forbes*

модели, кои летаат поефикасно и трошат помалку гориво.

На повик на Пан американ ервејс, Боинг почна да планира авион што може да превезува значително повеќе патници. Во прво време, инженерите замислиле авион со два трупа, но ја напуштиле идејата поради загриженоста за евакуација на патниците. Овој авион бил првиот што бил дизајниран со две патеки меѓу седиштата.

747 остана најголемиот патнички авион до пристигнувањето на Ербас 380.

Авионот на американските претседатели од 1990 година, 747, се очекува да ги продолжи своите официјални должности за Белата куќа во догледна иднина, со два авиона Ер форс уан.



## *Секој трет лет доцнел минатата година во Европа.*

Во Европа, во текот на целата измината година, голем број летови сообраќале со доцнење. Секој трет патнички авион не тргнал на време, покажало истражувањето на германската компанија „ЕрХелп“, која се занимава со правата на патниците. Доцнењето и прекинот на летовите влијаеле врз околу 244 милиони луѓе во Европа што патувале ланската година. Доцнењето станало сè почесто бидејќи авиокомпаниите не го достигнале прометот како пред нивото на пандемијата. Томаш Павлизин, шеф на „ЕрХелп“ смета дека станало јасно, особено за време на летниот период, дека аеродромите и авиокомпаниите не се подготвени да го зголемат или да го добијат истиот промет како тој пред да почне пандемијата со Ковид-19.

**Кризата – клучна причина за доцнење на летовите на европските авиокомпании.**
*Извор: Fraport*



## Н.Е. АНДРЕА СИЛВЕСТРИ
### Амбасадор на Италија во Македонија

# СИЛВЕСТРИ: ВО МАКЕДОНИЈА СЕ ЧУСТВУВАМ КАКО ДОМА



**„Убавините на вашата земја се можеби помалку познати, но несомнено заслужуваат да бидат посетени. Мислам на културното, римско, византиско, православно и отоманско наследство, но и на убавините на вашите езера и планини. Сметам дека има уште простор за развој на квалитетен туризам, со внимание кон природата и кон историските градби, вид на туризам што ќе дозволи да се ужива во одличниот квалитет на локалните прехранбени производи и вина, поле во кое сме спремни да ги споделиме нашите искуства", вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент амбасадорот на Италија, Андреа Силвестри.**

**Почитуван амбасадоре Силвестри, ова интервју би го почнале со најактуелните случувања во Македонија. Како би ја оцениле Вие актуелната политичка ситуација во нашата земја?**

Македонија, како и сите други европски земји, се соочува со ефектите на една низа последователни кризи: пандемијата, енергетската криза и последиците од руската агресија врз Украина. Кон крајот на годината имаше одредени знаци за подобрување на економската ситуација, кои се надеваме дека ќе се интензивираат. На меѓународен план, земјата постигна значајни резултати во последните години. По влезот во НАТО во март 2020 година, во јули минатата година конечно беше отпочнат преговарачкиот процес за влез во Европската Унија. Се работи за две историски цели на земјата, кои отсекогаш биле цврсто поддржувани од



Н.Е. Андреа Силвестри, амбасадор на Италија во Македонија.



Италија, во согласност со нашите одлични билатерални односи, за кои доказ беше и посетата на Претседателот на Италијанската Република Серџо Матарела во септември минатата година. Процесот за влез во ЕУ е долг и сложен и ќе изискува широк спектар на измени во законодавството на Северна Македонија, како и дополнување на Уставот со цел во него да се вклучат и граѓаните што се идентификуваат како Бугари, Хрвати, Црногорци итн. покрај другите заедници што се веќе признаени. Затоа, се надеваме дека ќе може да се соберат што е можно повеќе политички сили околу остварувањето на оваа цел, бидејќи се работи за цел што ја засега целата земја, и тоа долгорочно, и за која е потребен национален консензус, надвор од владините формули од еден или друг период.

**Македонија го почна процесот на скрининг со ЕУ. Но, се чини дека односите со Република Бугарија во последно време се затегнаа. Како, според Вас, на дипломатски начин и со посредство на европската дипломатија, најлесно би можело да се надминат овие несогласувања?**

Италијанската Република има одлични односи со Бугарија, која е веќе земја-членка на Унијата и припадничка на НАТО. И врз основа на нашето национално искуство, сметаме дека билатералните прашања од историски-идентитетски карактер не треба да го попречуваат процесот за влез на земјите-кандидати. Туку напротив, убедени сме дека евроинтеграцијата го претставува најдобриот начин за создавање услови за подобра согласност дури и околу настаните од далечното минато. Токму поради тоа, се надеваме дека преговорите за влез на Македонија во Европската Унија ќе можат да напредуваат брзо. Но, дозволете ми да додадам дека европската интеграција цели, пред сè, кон иднината, во интерес на нашите млади. Затоа, за време на преговорите, потребно е сите заедно да продолжиме да работиме на проекти и иницијативи насочени кон поттик за поголема размена, колективна благосостојба и интеракција меѓу народите. На пример, Италија е особено заинтересирана за завршувањето на Коридорот VIII, чија цел е да ги поврзе јадранските пристаништа, минувајќи од Драч во Албанија, па преку Македонија, сè до пристаништата на Црното Море, токму во Бугарија. Тоа е конкретен пример за тоа како една соработка е во интерес на сите вклучени земји.



Н.Е. Андреа Силвестри, амбасадор на Италија во Македонија.

**ЕУ во повеќе наврати ја критикуваше нашата земја околу владеењето на правото и корупцијата. Тоа се сегменти на кои ќе мора уште многу да се работи за да се приближат кон регулативите на ЕУ. Како ја оценувате Вие, како дипломат од земја-членка на ЕУ, ситуацијата поврзана со овие две теми?**

Во рамките на скринингот, како и на подоцнежните преговори за првиот кластер, ќе им биде посветено големо внимание на овие теми. Не само во поглед на формално транспонирање на европското законодавство, туку и во однос на негова конкретна имплементација. Последниот извештај на европската Комисија препозна одредени подобрувања, но и посочи дека има уште многу за подобрување. Впрочем, се работи за значајни теми што ја засегаат земјата, настрана од нејзината европска цел и оценката на меѓународната заедница. Доколку нема доверба во правната држава и се верува дека корупцијата е раширена и непоправлива, тие верувања потхрануваат недоверба во иднината на земјата, и може да бидат една од причините за миграциска тенденција, особено кај младите. Затоа ги поканувам сите граѓани да не бидат обесхрабрени и лично да се заложат за пријавување на сите злоупотреби преку овластените институции. Од наша страна, ние сме достапни за споделување на нашето искуство во полето на борбата со корупцијата, и што се однесува до аспектите на превенцијата, на раководењето со јавните набавки, на транспарентноста итн. Веќе започнавме и соработка меѓу нашата Национална антикорупциска агенција и вашата Државна комисија за борба против корупцијата, и посредувавме дијалог меѓу вицепремиерот за политики за добро владеење Грковска и други наши министерства и институции што имаат позитивни искуства во овие сектори.

**Италија и Македонија имаат добра економска соработка. Дали и на кој начин македонските власти може да привлечат поголем број инвеститори од Италија?**

Италија е значаен трговски партнер на Македонија. Во периодот од јануари до ноември 2022 година билатералната размена достигна вредност од 693 милиони евра, што е за 23,3% повеќе од минатата година. Италија е шестата земја-увозник од Македонија со учество од 3,7%, и осма земја-добавувач со учество во македонскиот увоз од 3,78%. Меѓу другото сме и важен инвеститор: кумулативната вредност на италијанските директни инвестиции во Македонија на крајот на 2021 година изнесуваше 149 милиони евра. Во првите 9 месеци од 2022 година се регистрирани италијански директни инвестиции во Македонија во износ од 23,1 милиони евра, со што сме шеста по важност земја-инвеститор. Но, секако дека може да се направи и повеќе. Новата Влада, предводена од премиерката Мелони, потврди дека Западниот Балкан за нас претставува приоритетен регион. Целосниот фокус на овие земји и на Македонија беше потврден и на Националната конференција во Трст, која се одржа на 23 јануари оваа

година, организирана од страна на нашиот вицепремиер и министер за надворешни работи, Антонио Тајани. Во тој контекст, заедно со нашата Италијанска трговска агенција – ИТА, размислуваме за можноста за организирање бизнис-средби меѓу италијанските и македонски фирми, со цел зголемување на билатералната трговска размена и на инвестициите. Овој настан ќе биде дел од програмата што ја подготвуваме за одбележување на триесетгодишнината од воспоставувањето на дипломатските односи.

**Нашата земја има значителна дијаспора во Италија, па оттука и поврзаноста меѓу двете земји во однос на директните сообраќајни врски е добра. Италија е една од ретките европски земји со кои имаме директна авиоповрзаност со повеќе градови. Но, како би можеле уште повеќе да ја зајакнеме туристичката соработка?**

Навистина има воспоставено директни врски два-три пати неделно со повеќе градови (Рим, Милано, Тревизо, Венеција) и, колку што сум запознаен, се истражуваат и други можни линии, исто така и со јужниот дел, пред сè во летниот период. Убеден сум дека има добар потенцијал за раст на туристичките текови, во двата правци. Сметам дека не е потребно да ги опишувам природните и уметнички убавини на Италија, земја што има најголем број заштитени локалитети од УНЕСКО во светот. Убавините на Македонија се можеби помалку познати, но несомнено заслужуваат да бидат посетени. Мислам на културното, римско, византиско, православно и отоманско наследство, но и на убавините на нејзините езера и планини. Сметам дека има уште простор за развој на квалитетен туризам, со внимание кон природата и кон историските градби, каде што ќе може да се искористат и руралните средини за спортски активности и релаксација. Вид на туризам кој е „бавен“, кој ќе дозволи да се ужива во одличниот квалитет на локалните прехранбени производи и вина, поле во кое сме спремни да ги споделиме нашите искуства. Тоа веќе го правиме во рамките на програмата ААА, односно серијата семинари во кои ги презентираме нашите вештини во земјоделството, прехранбената индустрија и животната средина (три термини што започнуваат на буквата А во италијанскиот јазик).

**Господине Силвестри, амбасадорската функција ја презедовте во екот на пандемијата со Ковид-19, но како медиуми можеме да забележиме дека имате богата работна агенда. Дали Ви дозволува времето да ја запознаете Македонија како земја со сите нејзини природни убавини? Што ви оставило најголем впечаток досега?**

Како што сте забележале, прилично сум зафатен. Меѓутоа тоа не ме спречува детално да ја запознавам Македонија посетувајќи многу од нејзините градови и природни атракции. Тоа го правам патувајќи со автомобил, со мотор, со велосипед и пеш (љубител сум и на пешачењето и на трчањето). Имате навистина прекрасна земја што вреди да се истражи. Сепак, она што ми оставило најголем впечаток се гостопримливоста и љубезноста на луѓето. Македонскиот народ, во сите негови компоненти, има автентична наклонетост кон гостопримливост и дружба, карактеристики кои од таа гледна точка го доближуваат до италијанскиот народ и прават овде да се чувствувам како дома.

Италијанскиот амбасадор, љубител на трчањето.



# КОМПАРАЦИЈА



Оние што не милуваат скијање, не можат да ја разберат страста што во себе ја носат вљубениците на овој рекреативен спорт. Како што се приближува зимската сезона, така љубителите ги прават своите планови каде да скијаат и кои скијачки центри да ги посетат. Не е мал бројот на луѓе што повеќе преферираат зимска рекреација отколку лежење на плажа во лето на високи температури.

Да се натовари зимската опрема,  да се излезе на свеж планински воздух, да се размрда секој мускул при скијањето, да се ужива со фамилијата се само дел од причините зошто едноставно не можете да се откажете од овој  рекреативен спорт.

Дел од македонските граѓани ги посетуваат европски ски-центри, а за кои секако треба да имате „подлабок џеб", но изборот на поголемиот дел се некои од скијачките центри од регионот.

Од друга страна пак, во Македонија се ограничени можностите во овој сектор, ако се има предвид дека земјава не може да се пофали со некои  импресивни инвестиции во оваа област, кои се бледи или речиси никакви. Дали би заминале за Попова Шапка, на пример, ако знаете дека на враќање може и да заглавите на пат повеќе од 3 часа, како што тоа се случи пред неколку недели поради огромниот број граѓани што заминале на чист воздух.

Во овој текст ќе направиме компарација на познатите скијачки центри низ Европа, но и она што се нуди во регионот и во земјава.

Скијачите во одреден период беа „хендикепирани" да патуваат со масовната појава на Ковид-19, кога беа затворени скијачките центри. Падините беа спокојно тивки и како да одморија од големиот број туристи за време на ски-сезоната. Но, годинава скијањето се врати  на голема врата, а скијачките центри се подготвија за своите гости.

Во планините на Италија, Франција, Швајцарија и на Австрија, се наоѓаат некои од најдобрите скијачки центри во светот. Пејзажите изгледаат спектакуларно, планините не се само за професионални скијачи. Повеќето одморалишта имаат лесен и среден терен, а многу од нив имаат посебни падини и лифтови само за ученици и почетници. Секое одморалиште има свој карактер и стил, а да не зборуваме за неспоредливите погледи на врвовите. Затоа, кој било ски-одмор да го одберете, нема да бидете разочарани од скијањето во кое било од овие извонредни одморалишта во Франција, Швајцарија, Австрија, Италија и во Германија.

# ЛУКСУЗНИ, МОНДЕНСКИ И СОВРШЕНИ СКИЈАЧКИ ЦЕНТРИ: КАКВО СКИЈАЊЕ ИМА ВО ЕВРОПА И НА БАЛКАНОТ, А ШТО СЕ НУДИ ВО МАКЕДОНИЈА?

## КУРШЕВЕЛ, ФРАНЦИЈА

Куршевел е најголемиот и најпознатиот од неколкуте меѓусебно поврзани скијачки центри познати како Три долини (Les Trois Vallées), кои го формираат најголемиот скијачки регион во Европа. Целата област е распространета на 10 врвови, со надморска височина над 2.500 метри. На оваа статистика додадете го фактот дека одморалиштата добиваат годишни снежни врнежи од четири метри. Иако Куршевел им е омилен на професионалците поради неговиот врвен терен, секое од петте одделни села на Куршевел има добар терен за почетници. Околу една четвртина од патеките на Куршевел се за почетници. Куршевел е особено погодна за семејства. Бесплатни лифтови ги опслужуваат почетниците, а на лифтовите се обезбедени магнетни заштитни елеци за деца. Освен по скијањето, Куршевел е познат по своите луксузни сместувања и убаво јадење.

**Куршевел, Франција.**
*Извор: planetware.com*



## ЦЕРМАТ, ШВАЈЦАРИЈА



**Поглед кон импозантниот врв Матерхорн од Цермат, Швајцарија.**
*Извор: planetware.com*

Цермат има многу повеќе од само убаво лице. Имајќи го култниот белег на Матерхорн како заднина, Цермат и планинските падини зад него се на врвот на списокот на  желби на повеќето скијачи.

Цермат е познат по своите долги патеки, од кои некои завршуваат токму во селото: буквално можете да скијате до дома.

Возењето на глечерот Матерхорн, кое беше отворено од сезоната 2019 година, е највисоката жичница во светот и носи 2.000 скијачи на час.

За да ја направат оваа огромна мрежа на патеки побезбедна и подостапна, скијачите може да преземат бесплатна апликација, која користи ЏПС и се приспособува на способностите, временските услови и условите за снег.

За помалку искусните скијачи, паркот Воли, на врвот на жичницата Сунега, нуди поблаг терен со ист прекрасен поглед. Јужниот дел на Матерхорн е во Италија, а искусните скијачи можат да ги скијаат двете земји во еден ден.

## ВАЛ Д'ИЗЕР, ФРАНЦИЈА

Вал д'Изер и соседниот ски-ресорт Тињ нудат 300 километри терен за скијање и е опслужен од повеќе од 150 ски-лифтови.

**Вал д'Изер, Франција.**
*Извор: planetware.com*



Најнискиот терен е на надморска височина од 1.550 метри, а највисокиот достигнува до 3.450 метри, што помага да се одржи сезоната отворена до мај. Има терен за сите нивоа на вештини, вклучувајќи падини за деца и почетници, а наставата за скијање овде е меѓу најдобрите. Распоредот на лифтовите е многу погоден и ги поврзува скијачите со различни области. Самиот град е привлечен, без автомобили и познат по своите добри ресторани.

## КОРТИНА Д'АМПЕЦО, ИТАЛИЈА

Високо во италијанските Доломити, петте врвови на Чинкве Тори му обезбедуваат на градот Кортина Д'Ампецо прекрасен амбиент, како и извонреден ски-терен. Откако овде се одржаа Зимските олимписки игри во 1956 година,  Кортина стана  омиленото зимско одморалиште на џет-сетерите. Иако сега има многу поширока клиентела, сепак има шик продавници и стилски места за забава што би ги очекувале од еден монденски европски ски-центар.

**Кортина д'Ампецо, Италија.**
*Извор: planetware.com*



Заедно со скијањето во спуст, Кортина нуди километарски живописни патеки за ски-крос кантри, патека за боб што е осветлена навечер и олимписко лизгалиште за лизгачи на мраз.

Десетина одморалишта во Доломитите делат единствена „Супер-ски карта Доломити", која овозможува пристап до сите нивни лифтови и патеки.

## ШАМОНИ, ФРАНЦИЈА

Неговото место на Мон Блан, највисокиот врв во Европа би го направил Шамони икона за скијање, дури и без типичното француско алпско село што се наоѓа во неговото подножје. Висината на планината и глечерите околу Шамони имаат ефект на ладење што го зачувува снегот, обезбедувајќи му некои од најдобрите и најдолготрајните снежни услови на Алпите.

Шамони стекна меѓународна слава како место на првите Зимски олимписки игри, слава што продолжи бидејќи ги има некои



**Шамони, Франција.**
*Извор: planetware.com*

од најпредизвикувачките терени во светот. Искусните скијачи ги сакаат областите Бревент-Флегере, каде што има падини за сите нивоа на скијање, заедно со спектакуларни панорамски погледи од некои од патеките.

## СЕНТ АНТОН НА АРЛБЕРГ, АВСТРИЈА

Сериозните скијачи обожаваат да патуваат кон австрискиот регион Арлберг за скијање со високи предизвици, што го наоѓаат на повеќе од десетина суперстручни патеи во Сент Антон. Најдолгата од нив е 10-километарската Валуга Сент Антон.

Сент Антон е особено познат по своите околу 200 опции за напредни скијачи, а многу места се за одење со водич.

Неодамна додадените лифтови го поврзуваат Сент Антон со скијачките патеки од другата страна на преминот Флексен, обединувајќи го со главните одморалишта во Арлберг: Лех, Сент Кристоф, Цирс, Стубен и други за вкупно 340 километри патеки.

Спектакуларната нова патека од 85



**Сент Антон на Арлберг, Австрија.**
*Извор: planetware.com*

километри, наречена „Трката на славните“, ги носи искусни скијачи низ целата скијачка област Ски Арлберг.

Може да се качите на лифтови веднаш од селото. Ова  е еден од најдобрите скијачки центри во Европа за ноќен живот.

## КИЦБИЛ, АВСТРИЈА

Скијачките градови не можат да бидат поубави или пороматнични од селото Кицбил на австриските Алпи, недалеку од Инсбрук и Салцбург. Иако во неговите шарени згради се сместени луксузни хотели и скапи продавници како оние на Кортина или на Сент Мориц, Кицбил ги пречекува семејствата и патниците во мали семејни гостилници.

Исто така, на 170-километарските патеки за скијање во Кицбил, има по нешто за сите скијачи. Овде годишно се одржуваат најпредизвикувачките трки во спуст.

**Кицбил, Австрија.**
*Извор: planetware.com*





Сент Мориц, Швајцарија.
*Извор: planetware.com*

Бројот на светски скијачки натпревари кои биле домаќини во Сент Мориц треба да ви каже нешто за ова познато одморалиште – ова е скијање од светска класа. Зимските олимписки игри се одржаа овде во 1928 и 1948 година, и често може да се видат натпревари на олимписките скокалници.

## СЕНТ МОРИЦ, ШВАЈЦАРИЈА

Исто така има многу ски-терени и за неолимпијци. Сент Мориц е познат по своите долги средни патеки и други извонредни средни терени, а со повеќе од 20 лифтови за избор, ќе најдете падини и патеки за секое ниво на вештина.

Сент Мориц е еден од првите во Европа. Некои тврдат дека е прво зимско одморалиште, па сè уште има богата клиентела и посебен луксуз. Има многу работи што може да се прават покрај скијањето: лизгање на мраз, тобоган, нордиско скијање, санкање со боб и скијање со змејови.





## ЦУГШПИЦЕ, ГЕРМАНИЈА

Цугшпице е највисоката планина во Германија, а нејзината популарност кај скијачите е уште поголема поради прекрасниот баварски град Гармиш-Партенкирхен во неговото подножје. Од нејзиниот врв, до кој сега може да се пристапи со нова жичница, се протега панорама од 360 степени која достигнува дури 250 километри и опфаќа планински врвови во четири земји.

Сите нивоа на скијачи ќе најдат многу голем избор во патеките од 40 километри во скијачката област Гармиш-Класик, меѓусебно поврзани преку три планини. За екстремни предизвици, тука се познатиот спуст Кандахар и други терени што се користеа на Зимските олимписки игри во 1936 година и за Меѓународното првенство во алпско скијање.

Популарно олимписко наследство е Ледениот стадион, кој се користеше за зимските игри во 1936 година, сега отворен за јавно лизгање. Овде можете да земате часови на сите нивоа, вклучувајќи брзо лизгање и танцување на мраз. Областа околу Гармиш-Партенкирхен е вмрежена со патеки за крос-кантри скијање, опкружени со спектакуларни алпски погледи.

Цугшпице, Германија.
*Извор: planetware.com*



# ВАЛ ГАРДЕНА, ИТАЛИЈА

Со истото скијање од светска класа како и во соседното одморалиште на Доломити, Кортина Д'Ампецо, но без премногу сјај или високи цени, Вал Гардена нуди посекојдневно искуство.

Речиси две третини од теренот на Вал Гардена е за напредни и професионални скијачи. Но, и скијачите на почетно и на средно ниво имаат повеќе од 130 километри за уживање.

Не очекувајте богат ноќен живот во селата Ортисеј, Санта Кристина и Селва Вал Гардена. Наместо тоа, ќе најдете релаксирачка и пријателска атмосфера на автентично алпско гостопримство, како и мали домови и традиционални гостилници што служат локални специјалитети.



**Вал Гардена, Италија.**
*Извор: planetware.com*

# КУРМАЈЕР, ИТАЛИЈА

Курмајер е местото во кое може да се види луксузниот ски-сет од Милано и од Торино. Со или без скии, возете ја жичницата до гребенот за поглед од врвот. Професионалните патеки од Арп, кои се необележани и кога воопшто се отворени, можете да ги скијате само со водич. Тоа важи и за бројните ски-терени на Курмајер надвор од патеката.

Во блискиот Долон има падини погодни за почетници, но овој регион е попогоден за искусни скијачи. Нордиските скијачи, сепак, ќе ја сакаат 20-километарската мрежа на патеки за крос-кантри што започнува во Вал Ферет, веднаш надвор од Курмајер. Како што може да претпоставите според клиентелата, сместувањето и јадењето во Курмајер е скапо.



**Курмајер, Италија.**
*Извор: planetware.com*

# ЗЕЛДЕН, АВСТРИЈА

И Зелден е еден од најдобрите скијачки центри во Европа. Скијачите и сноубордерите можат да бираат 148 километри совршено уредени падини за сите нивоа и вештини, 35 планински лифтови, вклучувајќи ја и високо технолошката планинска гондола.

Се разбира, снегот е загарантиран помеѓу 1.350 и 3.340 метри надморска височина од октомври до мај, благодарение на врвниот модерен систем за правење снег, кој покрива околу 80 проценти од сите падини.



**Зелден, Австрија.**
*Извор: planetware.com*



**Копаоник, Србија.**
*Извор: travelindependent.ru*

# КАДЕ МОЖЕМЕ ДА СКИЈАМЕ НА БАЛКАНОТ?





**Златибор, Србија.**
*Извор: Wellness-spa.rs*

## КОПАОНИК И ЗЛАТИБОР – ИЗБОР ВО СРБИЈА

На Копаоник и Златибор се наоѓаат најпознатите скијачки центри во Србија. На Копаоник има скијачки патеки во должина од 43,5 километри приспособени за алпско и за нордиско скијање и два полигони за обука на почетници. Ноќното скијање е достапно на патеките Панчичев врв, Караман гребен и Мало езеро. Ски-лифтовите се со капацитет од 34.000 скијачи на час.

На Златибор скијачките патеки се од 1.110 до 1.490 метри надморска височина. На Златибор има патеки за алпско и за нордиско скијање со вкупна должина од осум километри, како и богата понуда на сместувачки капацитети.



**Колашин, Црна Гора.**
*Извор: Твитер*

## ЦРНА ГОРА ГО ИМА КОЛАШИН

Колашин, планински град во Црна Гора на околу 85 километри оддалеченост од Подгорица, е местото каде што се собираат скијачите од Црна Гора. „Колашин 1600“ е најпознатиот скијачки центар, кој има патеки долги 10,5 километри. Се планира тука да се направи комплекс во кој ќе има над 200 патеки за скијање долги вкупно 45 километри, околу 50 жичници и дваесетина сместувачки капацитети.

# БАНСКО, БОРОВЕЦ И ПАМПОРОВО ВО БУГАРИЈА

Бугарија е една од земјите што вреди да се посети во студените месеци. Прекрасните планински предели на Пирин, Рила и Родопите, луксузните ресорти што нудат задоволство за сите генерации, возбудливите скијачки патеки и вкусната традиционална храна се дел од работите што не смеете да ги пропуштите.

Боровец е еден од најпопуларните ски-центри, сместен во северните делови на планината Рила, на надморска височина од 1.350 метри.

Тој е најстар зимски центар во Бугарија и датира уште од 1896 година. Ппостепено се разви во модерен ски-центар со луксузни хотели, ресторани и барови, околу 60-тина скијачки патеки што се протегаат на висина и од 2.650 метри и кои водат и до самите ресорти, каде што им се подостапни на скијачите.

Ски-патеките се приспособени како за почетници, така и за оние најискусните во овие спортови. Падините на Боровец се под снег, најчесто од декември па сè до април. Совршената комбинација на локација, клима и географска положба на Боровец привлекува секоја година огромен број туристи од цела Европа.

Банско е најголемиот зимски ресорт во Бугарија. Сместен е во подножјето на планината Пирин, на само 150 километри од главниот град Софија. Низ годините, Банско главно се развива како водечки зимски центар во Бугарија, а како регион бил домаќин и на неколку интернационални натпревари во алпско скијање.

Зимскиот центар Банско е познат меѓу туристите како дестинација за скијање и бордање. Околу 90% од ски-патеките се опремени со カњони за вештачки снег. Исто така има и осветлена патека за ноќно скијање. За време на зимскиот период, во



**Банско, Бугарија.**
*Извор: travelinsider.tips*

градот има поставено и отворено лизгалиште. Највисоката надморска височина на ски-центарот е 2.560 метри. Банско е познат и по минералните води, кој го прават центарот и атрактивна СПА дестинација.

Зимскиот центар Пампорово се наоѓа во подножјето на врвот Снежанка, во Родопската Планина. Пампорово е на 240 километри од Софија и 85 километри од Пловдив. Тој е најсончев зимски центар во Бугарија со 285 сончеви денови годишно. Типично за регионот е што нема нагли промени на времето и нема опасност од лавини. Пампорово е препорачан ски-центар од експертите како најсоодветен за почетници и искусни скијачи. Ски-патеките се со различно ниво на тежина – има патеки за професионални скијачи, како и за почетници. Постојат можности и за алпско скијање, ноќно скијање и за крос-кантри скијање.

Ски-патеките во зимскиот центар можат да се користат и од сноубордери. Има можности за спуст-скијање, како и еден дел груб терен.

Во Пампорово функционираат и ски-школите за деца и возрасни, а сè уште постои и градинката за деца од 4 до 7 години. Оние кои немаат ски-опрема, може да изнајмат од продавниците во зимскиот центар што се занимаваат со таа дејност.

**Пампорово, Бугарија.**
*Извор: heroesofadventure.com*



# ВО КОСОВО Е БРЕЗОВИЦА, А ВО АЛБАНИЈА Е ДАРДА

Ски-центарот Дарда во реонот на Корча е најпознатото место меѓу љубителите на скијањето во Албанија уште од 1920 година. Се наоѓа на надморска височина од 1.400 метри, меѓу високи шуми од бука и бор.



**Брезовица, Косово.**
*Извор: Tripadvizor*



**Дарда, Албанија.**
*Извор: ФБ*

Патеката за скијање е долга 1,3 километри, а постојат и два ски-лифта. Освен за скијање, Дарда е популарно место и за планинарење и за кампување.

Косово може да се пофали со ски-центарот Брезовица основан во 1954 година. Во осумдесеттите и деведесеттите години на минатиот век, на Брезовица се одржаа многу скијачки натпревари, а во 1984 година служеше како алтернативен центар за олимписките игри во Сараево. Патеките за скијање и сноуборд на Брезовица се долги 16,5 километри.

# ЈАХОРИНА И БЈЕЛАШНИЦА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Босна и Херцеговина има развиени ски-центри и добра инфраструктурна поврзаност. Голема заслуга за тоа имаат Зимските олимписки игри во 1984 година што се одржаа во Сараево и натпреварувањата во алпско, нордиско скијање и скијачки скокови.

Скијачкиот центар Јахорина се наоѓа на 34 километри од Сараево или на околу 45 минути возење од главниот град на БиХ.

Скијачките патеки се на висина од 1.300 до 1.890 метри. За алпско скијање се долги 47 километри, а оние за нордиско трчање десет километри.



**Бјелашница, Босна и Херцеговина.**
*Извор: meetbosnia.com*



**Јахорина, Босна и Херцеговина.**
*Извор: sarajevo.travel*

Бјелашница е уште поблиску до Сараево, на само 25 километри. Врвот е на 2.067 метри надморска височина. Бјелашница има скијачки патеки од над осум километри за сите алпски дисциплини. Почнуваат од врвот, па сѐ до местото Бабин Дол на 1.266 метри.

# ШТО НУДИ МАКЕДОНИЈА ЗА СКИЈАЊЕ?

Голем потенцијал, мала искористеност. Вака можат да се окарактеризираат нашите скијачки центи. Маврово, Попова Шапка, Крушево, Пелистер, Кожуф, Пониква се места кои не се развиени како во западно европските земји, туку се сведени на дестинации за дневна или викенд посета, па така кајмакот го собираат ски-центри надвор од Македонија.

Ски-центарот Маврово на планината Бистра, кој постои повеќе од 50 години, е на нешто повеќе од 100 километри од Скопје. Нуди ски-патеки за алпско и за нордиско скијање во должина од 30 километри. И покрај сите недостатоци, Маврово останува хит-скијачка дестинација за македонските граѓани.



**Попова Шапка.**
*Извор: Википедија*

Попова Шапка на Шар Планина е една од главните зимски дестинации во Македонија. Ски-патеките започнуваат на висина од околу 1.700 метри и се поврзани со жичници и ски-лифтови. На приближно иста висина се и два хотела. Должината на скијачките патеки е околу 10 километри, но почетници можат да скијаат и на дел од необележаниот терен. Сезоната во овој центар најчесто трае од декември до крајот на март.

# ДАЛИ ПОПОВА ШАПКА ЌЕ СТАНЕ НОВА ХИТ-ДЕСТИНАЦИЈА, ЗАВИСИ ОД РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАЈАВЕНАТА ИНВЕСТИЦИЈА

Со планот за развој на ски-центарот Попова Шапка, што го претстави компанијата „ТехноАлпин", а е одобрен од Владата, се предвидуваат скијачки патеки, системи за вештачки снег, сместувачки капацитети, паркинзи, ски-лифтови, жичници, угостителски објекти, како и планинарски домови.

Станува збор за инвестиција вредна над 180 милиони евра, која треба да почне да се реализира од оваа година, а која ќе се спроведува во шест инвестициски фази, од кои првата изнесува речиси 55 милиони евра.

Во првата фаза треба да се изградат системите за вештачки снег, кои треба да бидат целосно автоматизирани и поврзани со софтвер. Дали во Македонија ќе скијаме по западноевропски стандарди, ќе зависи од тоа дали ќе се оствари оваа инвестиција.

**Маврово.**
*Извор: Ресорт Маврово*






Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот за туризам и менаџмент.


ЗА ТУРИЗАМ

# Superbrands

## UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC